

ВНАТРЕШЕН ПАТНИК

Списание на студентите при
Филозофскиот факултет

14



Д-р Трајан Гоцевски:

"ОСНОВИ НА СИСТЕМОТ НА НАЦИОНАЛНАТА ОДБРАНА"

Учебник за мирот

Книга во која се обработуваат најсуптилните прашања сврзани со одбраната, а всушност, се зборува за мирот.

Решителен чекор кон прифаќање на таканаречениот позитивен мир и негово вградување во системот на одбраната на нашата земја.

Најновото дело на д-р Трајан Гоцевски: "Основите на системот на националната одбрана" е, всушност, синтеза на неговите долгогодишни размисли за системот на одбраната, публикувани во околу 140 трудови во земјата и во странство. Се работи за дело кое претставува значаен придонес кон обликувањето на одбраната на Република Македонија, која, псоред нејзиниот рецензент д-р Билјана Цветковска-Ванковска, веќе го носи белегот на д-р Трајан Гоцевски.

Овој современ учебник за мирот, всушност ги обработува најважните прашања од областа на одбраната, но дава и поширока слика за други прашања сврзани со оваа суптилна тема, како што се прашањата за мирновременската и воената дипломатија, мирното решавање на меѓусебните спорови и конфликти меѓу државите итн.

Напишана во веќе само за него препознатлив стил, книгата-учебник "Основи на системот на национална одбрана" претставува "длабока ораница", во која се обработуваат најсуптилните прашања сврзани со одбраната (основните претпоставки на одбранбено-заштитниот систем; изворите на загрозување на безбедноста на Република Македонија; историските корени на системот на одбраната на Макеоднија; одбранбениот систем на РМ; основите на системот за колективна безбедност и одбрана; НАТО и одбраната на РМ, и политичката толеранција како фактор на мирот и стабилноста), а всушност, се зборува за - мирот.

Од особено значење е укажувањето на авторот што провејува низ сите страници на ова исклучително значајно дело - дека таканаречениот негативен мир не е она кон што се стреми светот и Република Македонија како дел од него. Напротив, во делото се прави решителен исчекор кон разбивања на таквите сфаќања и прифаќање на таканаречениот позитивен мир и негово вградување во системот на одбраната на нашата земја.

Д-р Гоцевски недвосмислено предупредува и укажува на потребата од градење на токму таков, позитивен мир, во кој политичката толеранција претставува основна, појдовна стапка во решавањето на конфликтите на општеството.

Помл. асс. д-р мед Владимир ТРАЈКОВСКИ

Д-р Анастас Лакоски: "ПСИХОГЕНЕТИКА"

(Прва книга од оваа област во нашата држава)

Прегледот на содржината на книгата "*Психогенетика*" води до констатација дека тоа е книга каква што недостасува во нашите книжарници и библиотеки, претставува и една од ретките книги од тој вид во целокупната светска литература.

Затоа уште на почетокот на овој приказ треба да се поздрави иницијативата на авторот Д-р Анастас Лакоски, кој се обиде да ја надополни празнината со непостоењето на учебник на македонски јазик по предметот хумана генетика, што е во наставниот план на Институтот за дефектологија и Институтот за психологија. Во книгата се опфатени 50-60% од содржините предвидени со наставната програма по предметот хумана генетика.

Целта на овој труд се огледа во потребата да се приближи проблематиката и методологијата на генетиката, да се корелира со психологијата и психијатријата и да се потенцира нејзината апликативна вредност.

Книгата е пред се наменета за студентите на институтите за психологија и дефектологија при Филозофскиот факултет, но може да им послужи и на студентите од институтите за педагогија, социологија, социјална работа и студентите од Медицинскиот факултет со цел да стекнат фундаментални познавања од оваа област.

"*Психогенетика*" содржи 9 поглавја претставени на 237 страници А4 формат со преку 400 библиографски единици дадени по секое поглавје со што се зголемува вредноста на оваа книга.

Книгата "Психогенетика" од професор д-р Анастас Лакоски е дело на исклучително упатен научник, книга која не може да се сретне често во светот и нашата околина. Во ова дело авторот покажува голема вештина во склопувањето на материјалот и во неговото систематско и прегледно изложување. Секој дел од книгата претставува систематичен и обемен приказ на одделни прашања од хуманата генетика и психогенетиката. Книгата е пишувана во висок стил и бара од читателот високо ниво на тенацитет на вниманието. Оваа книга треба да ја проучи секој психолог, дефектолог, лекар - психијатар, социолог и.т.н.

Затоа книгата "Психогенетика" најтопло ја препорачуваме да биде дел од личните библиотеки на горенаведените стручни профили.



ВНАТРЕШЕН ПАТНИК
мај 1999

Издава:
Сојузот на студентите при Филозофскиот факултет - Скопје
ул. „Крсте Мисирков“ б.б.
ж. с-ка 40100-678-39981
ЕДБ: 4030996220673
тел. 116-520 локал 230

Уредништво:
Орце Ристовски
Даниела Стојчевска
Билјана Анакиева
Марија Атанасова
Игор Ѓоресќи

Соработници:
Миланчо М., Рената П., Елена Б., Гордана А., Биљана А., Мануела Н., Дејан Д., Љубен Т., Сузана Т., Деспина С., Билјана П., Коце С., Влатко Д., Марија П., Кирил С., Виктор Ѓ., Дејан А., Сашко С., Оливер С., Мирослав П., и Кира А.

Техничко уредување и компјутерска обработка:
ЕЙН-СОФ

Печати:
„Европа 92“ - Кочани

Тираж:
1.500 примероци

Според мислењето на Министерството за култура на Р.М. број 08-2765/2 од 14.04.1995, за списанието Внатрешен Патник се плаќа повластена даночна стапка.

Првиот број на списанието Внатрешен Патник излезе од печат во мај 1995 г.
Покровител:

СОДРЖИНА

ИНТЕРВЈУ
Со деканот на Филозофски факултет проф. д-р Трајан Гоцевски 8
Со претседателот на ССУКМ - Диме Велков 11
СОЦИЈОЛОГИЈА
Новите конфликти ќе бидат поради културата 13
ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА
Митологија и Теогонија 14
ПЕДАГОГИЈА
За програмата - ЧЕКОР ПО ЧЕКОР 16
Во потрага по единствен метод 18
ДЕФЕКТОЛОГИЈА
Говорот кај глувото дете 19
СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Каде се наоѓаат корените на државата 20
Односот волонтер - професионален работник 22
Доброто планирање загарантиран успех 23
(Не) култура - животот во градот 24
ОДБРАНА
Космичката одбрана на Русија 26
Чувар на европското небо - ЕУРОФАЈТЕР 2000 28
ИСТОРИЈА
АЛКИБИЈАД - предавник или не 29
Карпошовото востание 30
Пресвртница во средоземјето - Британската победа кај Ел-Аламејн 34
Карактерот на историјата на Виетнам 35
ПСИХОЛОГИЈА
Тегоби, Фобија - што е тоа? 36
Вистината за комплексите 37
Симптоми на вознемиреност 38
Злоупотребување на хипнозата и сугестијата 40
Сонот, одраз на 41
АСПЕКТИ
Повелба на првата детска амбасада на светот МЕЃАШИ 42
Алкохолизмот, норкоманијата и пушењето кај младите 43
Патување во минатото - Седумте светски чуда 44
РЕЛИГИЈА
Религија од стариот завет 46
ФУНДАМЕНТИ
Во светот на пороците 48
МИСТЕРИИ
Мистеријата наречена Зомби 50
Човекот со железната маска 53
РЕПОРТАЖА
Равена 55
КОКТЕЛИ
Чоколадни напитоци, нови коктели 56
КОЗМЕТИКА
Најголемите лаги за негување на косата 57
СПОРТ
Фудбалски великани 58
СТУДЕНТСКИ ПРОТЕСТИ 59
ХОРОСКОП 60

ШТО САКАВ ДА КАЖАМ?

Почитувани колешки и колеги

Пријатно сме изненадени од вашиот одзив на нашиот повик за соработка. Вие ни ја поклонивте Вашата доверба и ни донесовте во нашата редакција доста квалитетни текстови. Тоа е единствената причина за квалитетните содржини и високата оценка за нашето списание, за што признанија доаѓаат од сите страни. Нашата желба беше на страниците од овој број да се најдат по три текста за секој институт, меѓутоа нашите желби не усеавме да ги реализираме. Затоа ве повикуваме да доставувате свои текстови и следниот број заеднички да го направиме уште подобар.

Вие и натаму бидете со нас, вашите текстови доставувајте ги во нашата редакција во просторијата на ССФзФ. Искористете го вашиот творечки потенцијал за ваша и наша афирмација и верувајте дека тоа нема да помине незабележано.

Во претходниот број се случи една ненамерна (или намерна?) грешка, односно се случи да имаме два броја со број 12.

Воедно ја користиме можноста да ви ги честитаме Велигденските празници.

Христос воскресе!

До следниот број, ЗДРАВО!

Од уредништвото



Од Сојузот....

Почитувани колешки и колеги,

Најпрво би сакале да ви се заблагодариме за соработката што ни ја пруживте во собирањето на петицијата за дополнителна мартовска сесија за полагање на преостанатите испити од годината. Резултатите од оваа петиција достигнаа врвни резултати при што не беше одобрена само мартовска сесија, туку беше дозволено и ликвидирање на година во септември. Со ова се надеваме дека студиите на ФзФ во голем степен ќе се олеснат.

Треба да бидете запознаени и за случувањата во спортот на нашиот факултет. За првпат на ФзФ беше формирана кошаркарска екипа која иако се состави со тешки напори, сепак постигна забележителни резултати. Кошаркарската екипа на ФзФ се пласира во осумте најдобри на универзитетот и се натпреварува во универзитетската кошаркарска лига. Со почетните неуспеси против Земјоделски, Електротехнички, Економски и Факултетот за физичка култура, е забележана и првата победа против Стоматолошки факултет Скопје. Во разиграувањата ги победивме и екипите на Правен и Педагошки факултет од Штип. Нашата екипа беше составена од играчи од сите институти на ФзФ кои за првпат настапија како еден тим.

Како што на сите ви е познато, во претходниот семестар беше спроведена анкета со широк опсег на прашања. Резултатите се презентирани пред Деканатот и факулте-

ската управа и веќе се преземаат конкретни чекори. Добивме цврсти гаранции од Деканатот дека повеќето од нашите барања ќе бидат реализирани.

На ФзФ е отворено бифето кое во претходниот период беше еден од поголемите приоритети. Оттука согледуваме дека резултатите од петицијата која беше упатена до Деканатите на ФЗ и ФлФ, Ректоратот и МО (об), вроди плод. Проблемот за затворањето на бифето беше тоа што недостатокот на простории за за ФлФ предизвика отварање на нова предавална, додека делот за ФзФ остана бифе кое веќе активно работи.

Ќе биде неблагодарно ако ја заборавиме трката за претседател на ССУКМ. Во оваа маратонска трка по првиот круг останаа само Игор Миќев и Менде Диневски. Сите добро знаеме дека имаше некакви пречгласувања поради нерегуларности: прво на Педагошки, Шумарски, Правен и Економски, а потоа само на Економски. Во меѓувреме, собранието на ССУКМ ги поништи изборите на целиот Универзитет и тие ќе бидат повторно изведени.

Оваа борба за претседател продолжува во недоглед, но ние се надеваме дека повторните избори нема да траат толку долго.

За крај, ве известуваме дека МСИ 99 што веќе наближуваат, дека за нивните подготовки и организирање ќе бидете подетално известени преку соопштение.

Сојузот на студенти на ФзФ е отворен за сите ваши желби, сугестии, проекти, поплаки и пофалби. За сите информации можете да се обратите во просторите на ССФзФ или на тел: 116-520, локал 230.

Искрено ваш,

Орце Ристовски
Претседател на ССФзФ

НОВАТА ПОЛИТИЧКА СТРАТЕГИЈА НА БАЛКАНОТ

Предавање на д-р Жељу Жељев

Од настаните кои се случуваа во периодот од претходниот број на весникот па до сега за одбележување е предавањето на д-р Жељу Желев, поранешен претседател на Република Бугарија, кое се одржа во големиот амфитеатар на Филозофскиот факултет, на тема "За новата политичка стратегија на Балканот". Во преполнетиот амфитеатар присуствуваа и го следеа предавањето голем број студенти од Филозофски факултет, професори од нашиот факултет, истакнати професори од други факултети и други јавни личности, меѓу кои и претседателот на Република Македонија, г. Киро Глигоров. Присутните ги поздрави и даде вовед деканот на Филозофски факултет проф. д-р Трајан Гоцевски, а потоа збор зема д-р Жељу Желев. Во текот на предавањето д-р Желев даде анализа на состојбите на Балканот од започнувањето на конфликтите во Југославија, распадот на социјалистичкото уредување во балканските земји до сегашната криза во СРЈ, односно во Косово. Тој изнесе повеќе параметри кои ги покажуваа бројот на бегалците, воените дејства и сл.



Како продолжение д-р Желев ги презентираше идеите и можностите за надминување на проблемите на Балканот и ја изнесе идејата за создавање на Балканска конфедерација. Акцентот беше ставен врз поврзувањето на балканските земји со комуникациски врски, од сообраќајно поврзување, компјутери, соработка и слично. Тој ваквата идеја ја поткрепи со многу примери од светот што ги изнесе и објасни.

По завршувањето на излагањето д-р Жељу Желев одговараше на прашања кои ги поставуваа присутните.

Во периодот помеѓу двата броја за одбележување е и излегувањето на 51 број на годишниот зборник на Филозофски факултет. На неговите страници се опфатени научни трудови кои третираат проблематики од научните дисциплини и сродните области кои денес се изучуваат на Филозофскиот факултет.

Орце Ристовски



Интервју со проф. д-р ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ, *декан на Филозофски факултет*

Господине декан, последното ваше интервју за Внатрешен патник беше во 6 број, односно во декември 1996 година. Тоа е период повеќе од три години. Дали можете да ни кажете дали во овој период се случија некои промени битни за Филозофскиот факултет?

Филозофскиот факултет е првата високо образовна институција на овие простори, со скоро осум деценска традиција. Тоа значи дека секоја година по нешто се надградува, а особено интензивни се промените во последните години, од кога Република Македонија функционира како самостојна држава. Така, во овој период изработени се и усвоени нови анставни планови и наставни програми според сите европски достигнувања на сите 10 институти, отпочнаа со работа специјалистички и магистерски студии на поголем број институти, набавена е опрема за подобрување на технологијата на наставата, подобрена е издавачката дејност особено со нови учебници и друга потребна литература за студирање и слично. Со еден збор, подобрен е вкупниот амбиент за работа на студентите и вработените на факултетот. Таа политика ќе продолжи и во иднина.

Дали можете да ни кажете како е да се биде декан на еден од поголемите факултети на Универзитетот?

Специфичноста на Филозофскиот факултет не произлегува само од неговата големина туку повеќе од неговата хетерогеност. Имено, тој е најразгранет факултет на Универзитетот. Денес неговата структура опфаќа 10 институти кои реализираат дипломски студии, специјалистички и магистерски студии како и стекнување докторат на науки од тие 10 научни области. Понатаму, во рамките на факултетот функционираат и 3 катедри, и тоа за одбрана и заштита, за хуманистичките науки и катедрата на УНЕСКО за мир и развој. Покрај овие 13 организациони единици функционира и Балканскиот центар за проучување на мирот, кој веќе организира специјалистички и постдипломски студии за мир. Оттука сложена е задачата да се биде на чело на една ваква институција со разгранета структура и со бројни различни интереси на нејзините организациони единици. Од друга страна, пак, голема е честа и привилегијата да се биде Декан на една современа високообразовна наставно-научна институција која била основата на високото образование во нашата земја.

Во последниве месеци студентската популација ја брануваат одлуките на министерството за образование и физичка култура. Најпрво имаше некои најави за партиципација од 500 ДМ за сите студенти, а потоа квота од 15% со 500 ДМ и останатите со 2000 ДМ. Во последно време се зборува за некаква одлука на Уставниот суд на Република Македонија. Дали можете да ни кажете нешто повеќе околу овој проблем?

Условите за студирање од секогаш биле најактуелна тема на Универзитетот. Деновиве мислам дека се разјаснија повеќе прашања во врска со тоа. Имено, утврдени се условите под кои ќе може да се студира. Имено, остануваат како и досега државните квоти за студирање, чии трошоци ги подмирува Министерството за образование. Воведена е нова квота од 15% која ќе надоместува дел од трошоците за студирање и тоа ќе изнесува 500 ГМ годишно. По пополнувањето на оваа квота, доколку има интерес, факултетите ќе можат да запишуваат и други студенти кои ќе

учествуваат во поднесувањето на трошоците за студирање, но тој износ ќе биде 2000 ГМ годишно. Бројот на овие студенти не може да биде поголем од 50% од редовната квота утврдена од Владата на Република Македонија. Владата и понатаму ќе одобрува стипендии за подобрите студенти и кредити за студенти со слаба материјална положба. До овој момент само ова е дефинирано, се´ друго останува по старо.

Во текот на месец ноември 1998 година беше направена анкета од страна на ССФзФ, која содржеше повеќе прашалници како и мислење за најдобар и најлош впечаток оставен од професорите. Резултатите беа доставени до вас и презентирани пред факултетската управа. Дали во оваа насока со оглед на одговорите ќе се преземат некои чекори?

Студентската организација е значаен сегмент во реализацијата на образовниот процес на факултетот и затоа ние ја поддржуваме целосно во нејзините заложби за подобрување на вкупните состојби на факултетот. Во рамките на тоа ја разбравме и идејата и целта на оваа анкета. Таа е разгледана од страна на деканската и факултетската управа, а направени се разговори и со раководителите на Институтите. Мислам дека пораката е сфатена и од наставниците и соработниците. Едноставно мислам дека одекот е позивитен.

Ситуацијата со кризата во СРЈК се одрази врз целото наше општество како и врз студентската популација. Дали можете да ни кажете во колкава мера тоа влијае врз студентите и посебно врз студентите од Филозофски факултет?

Општата состојба во регионот е позната. Таа е нестабилна, турбулентна и неизвесна. Сите граѓани, па и студентската популација се вознемирени и загрижени за состојбите, иако нашата држава функционира надвор од тој вител. Првите денови се почувствува отсутност на дел од студентите, но по неколку дена состојбата се нормализира и без проблеми се одвива наставно-научниот процес и испитите. Ние ја разбравме состојбата и направивме се´ што е во наша надлежност да им помогнеме на студентите. Така, овозможена е дополнителна условна сесија, а деновиве донесена е и одлука за продолжување на таа состојба се´ до крајот на оваа учебна година. Мислам дека со оваа и со низа други одлуки ги релаксиравме студентите барем во тој дел каде ние одлучуваме.

Од пред извесно време на Филозофски факултет е отворено бифето, кое подолго време не работеше и за чие што отварање беше побарана и петиција од страна на ССФзФ. Во што беше проблемот што бифето не можеше да биде отворено порано?

Според мерилата, критериумите и стандардите за остварување на воспитно-образовниот процес на Универзитетот, покрај останатото предвидено е на факултетите да има и таков објект, од разбирливи причини. Ние ја разбираме и петицијата од студентите за ваквата потреба. Но бидејќи просторијата на досегашното бифе беше заедничка со Филолошкиот факултет, а тие имаа потреба од една училница за симултан превод, и бидејќи просторниот проблем е многу акутен за двата факултети, тие се определија една половина од бифето да ја пренаменат за училница. Според тоа, се создаде еден вакуум во работата на овој објект. Филозофскиот факултет, имајќи ја во предвид потребата од бифе, одлучи преостанатата половина од просторот пак да ја користи за истата намена и, како што ви е познато, деновиве бифето функционира за потребите на студентите и вработените и на двата факултети.

На 19.03.1999 година во Големиот амфитеатар на Филозофскиот

факултет се одржа предавање на д-р Жељу Желев, кое привлече големо внимание. Дали можете да ни кажете какви предавања ќе бидат организирани и во иднина и каква е соработката на Филозофското факултет со другите факултети во земјата и во странство?

Филозофскиот факултет како современа институција развива соработка со поголем број високообразовни институции од целиот свет. Нивното искуство ни е од особена полза. Така и овој престој на бугарскиот научник, публицист и поранешен претседател на Република Бугарија беше искористен за предавање на тема за Новата политичка стратегија на Балканот. Тоа предавање предизвика голем интерес кај нашата јавност, бидејќи тука се промовираат неколку идеи за обединет и економски просперитетен Балкан во обединета Европа. Вакви контакти и размена на професори се одвива со над педесетина факултети од светот. Таа соработка ќе продолжи и понатаму.

Во овој период повеќе барања на студентите на ССФзФ беа успешно реализирани, што укажува на една добра соработка на Деканатот со студентите. Какво е вашето гледиште за односите на Деканатот со студентите?

Секој декан и секоја факултетска управа е должна да соработува со ССФзФ, да ја помага нивната активност и да создава амбиент на меѓусебно разбирање а се´ со цел успешно одвивање на воспитно-образовниот процес. Ако кон таа страна се додаде и меѓусебното разбирање и почитување и од страна на студентската организација, тогаш успехот е сигурен. Јас ги поддржувам овие принципи и можам да кажам дека досега соработката е на висина и таа така и ќе продолжи. А што се однесува до студентите, тие кај деканот на Филозофскиот факултет можат да дојдат и да бидат примени секогаш и нивните барања ќе се разгледаат и решаваат во нивна полза.

Дали во блиска иднина се планираа некои активности кои ќе бидат од значење за Филозофското факултет?

На Филозофскиот факултет постојано се одвиваат некакви активности па е тешко да се издвои и периодот што претстои. Но едно е сигурно, ќе продолжат сите активности за успешно изведување на испитите, ќе се направат сите напори факултетот и оваа година да ги прими најдобрите кандидати за индекс на овој факултет и слично. Сепак, сакам посебно да ги истакнам активностите околу одбележувањето на 50-годишнината на основањето на нашиот Универзитет, а како што е познато, нашиот факултет е базата за тоа. Големо е чувството на гордост на еден факултет, како што е Филозофскиот, кој е првиот носител на факелот на просветителската дејност кај нашиот народ.

Господине декане, дали имате нешто да додадете?

На крајот, сакам да ви го честитам Велигденскиот празник, на студентите, на вработените и на сите граѓани на нашата земја, на студентите да им посакам успех во студиите а на граѓаните мир, спокојство и економски просперитет. Ние тоа го заслужуваме и не треба никој да ни го одзема без разлика на неговите аргументи.

На крајот и на весникот Внатрешен патник му посакувам сестран успех во анимирањето на интелектуалните и духовните капацитети на Филозофскиот факултет, кои ниту се мали ниту се за потценување.

Во благодарам за отстапениот простор.

Интервју со ДИМЕ ВЕЛКОВ, претседател на ССУКМ

В.П. Вашиот мандат како претседател на ССУКМ почна во јануари 1997 година, што значи дека повеќе од две години сте лидер на студентското движење на Универзитетто "Св. Кирил и Методиј". Врз кои активности може да се стави печат со што е унапреден и подобрен животот на студентите во овој период?

Д.В. Од почетокот на мојот мандат се пристапи кон изготвување на проекти кои се видливи и кои ќе можат да ги почувствуваат студентите. Во почетниот период го оформивме студентското психолошко советувалиште чија цел е решавање на проблемите на студентите во текот на студирањето (проблеми со студиите во односот студент - професор и обратно, што е тоа да се биде академски граѓанин, проблеми со наркоманија, проституција, несакана бременост во текот на студиите и сл). Советувањата се бесплатни, потребно е само да се покаже студентска легитимација. Истите ги вршат врвни психолози од центарот за хумани релации. Студентското психолошко советувалиште работи секој ден од 10 до 14 часот.

Потоа, две години го издаваме и Студентскиот информатор, кој на студентите од I година им се дава бесплатно. Во него на шеесеттина страници е прикажана личната карта на сите факултети на Универзитетот, институции кои работат во корист на студентите, библиотеки, културно-историски споменици, автобуски линии и мал историски осврт на Универзитетот.

Од круцијално значење во мојот мандат е формирањето на првите Интернет кафиња. За тој проект студентите и само се запознаени. На тој проект работевме скоро 5 месеци заедно со Институтот Отворено Општество Македонија. Сега постојат 2 сајбер кафиња (22 компјутера и целата техничка опрема што оди со компјутерите), другиот дел од опремата кој се однесува на ентериерот и екстериерот, го направи ССУКМ.

Студентите во сајбер кафето можат да ги користат услугите секој ден од 9 до 1,30 часот, за само 10 денари, потребно е да се покаже само студентска легитимација.

Се направија три студентски легитимации кои од претходните се подобрени како во квалитетот на самата легитимација, така и со попустите кои можат да се добијат со неа. Исто така, нејзината цена ја намаливме за 30 денари (од 150 на 120 денари).

Во овој период се организираа и 2 македонски студентски игри, кои беа многу побогати и на нив дојдоа многу повеќе студенти од претходните години.

Летниот период го искористивме за целосно реновирање на просториите на ССУКМ и сега тие имаат еден пристоен изглед.

Во меѓувреме се организираа повеќе семинари од најразлични области.

Во истиот период на меѓународно ниво сме примени за асоцијативна членка на CEEPUS програмата. Таа програма врши размена на студенти од средна и источна Европа.

Во наредниот период ќе настојуваме да бидеме примени како рамноправна членка, но за тоа треба да помогне и државата во нивниот дел на делување, а со тоа што ќе заживее размената на студенти на Универзитетот.

В.П. На седницата на собранието на ССУКМ одржана на 01.12.1998 година беа распишани избори за претседател на ССУКМ. Дали накратко можете да ни ги објасните текот на изборите и сегашната состојба со изборите?

Д.В. Собранието се одржа на 1 декември на кои после жешки дискусии се одреди датата на изборите (12 јануари 1999) на кој се појавија 8

кандидати. На собранието се прифати и правилникот, по кој се изведуваа изборите. Исто така, се формира и изборна комисија која брои 5 члена.

Знаете добро дека до денес се´ уште не е избран претседател, Изборите добија неправилен развој поради кршењето на изборните кутии. Досега се одржаа 3 круга на гласање. На првото гласање (12 јануари) изборите се поништија на 4 факултети (Педагошки, Шумарски, Економски и Правен). На Педагошки факултет беше скршена изборната кутија од страна на посматрачот на Менде Диневски, а другите беа поништени поради неправилности.

Поради зимскиот распуст изборите повторно се закажаа на 2 март, каде што на Економски факултет беа искинати гласачките ливчиња од страна на посматрачите на кандидатите Игор Миќев и Христијан Мицковски.

Повторно гласање (по трет пат) се изврши на 17 март, каде за жал пак беа искинати гласачките ливчиња од страна на посматрачот на Димитар Димовски.

Во целата рашомонијада можам да кажам дека светла точка е тоа што интересот на студентите беше многу голем. Самиот факт дека на гласање излегоа 12.000 студенти доволно зборува.

В.П. Дали според вас во изборот за претседател на ССУКМ беа вклучени и политичките партии?

Д. В. Во овие избори беа вмешани политичките партии поточно нивните подмладоци и тоа студентите најдобро го знаат. Иако сите знаат дека ССУКМ е неполитичка и невладина организација, не знам каков е нивниот интерес. Дециден сум во моето мислење дека на политиката не и´ е место во студентското движење. Едноставно нема право на тоа.

В.П. Што ќе се превземе во наредниот период за конечно да биде избран претседател на ССУКМ?

Д.В. Во врска со изборите на барање на 12 членови од собранието е свикано собранието на ССУКМ кое ќе се одржи на 07.04.1999 година во 16 часот. На ова собрание ќе се разгледува новонастанатата ситуација и правилникот за спроведување на изборите. Очигледно е дека овој правилник не може да се изведе и мора нешто да се менува. Според мене, мислам дека единствено собранието е легитимно како највисоко тело да одлучи, што понатаму со изборите.

В.П. Дали оваа година ќе се одржат МСИ и кои други активности ви претстојат во наредниот период?

Д.В. Во однос на МСИ мојот став е дека МСИ мора да се одржат бидејќи тие се традиција и претставува единствена манифестација на која учествуваат околу 1000 студенти, иако подготовките се задоцнети поради изборите, ќе направиме напори сето тоа да заврши на време.

Се надевам дека и оваа година Владата на Република Македонија ќе ни излезе во пресрет и ќе овозможи да се одржат МСИ.

Од другите активности ни претстојат во наредниот период вреди да се споменат формирањето на уште две сајбер (интернет) кафеа. Со големо задоволство ви кажувам дека ќе направиме уште два интернет простора, и тоа во СД "Стив Наумов" и СД "Македонија" во Штип.

Опремата повторно е добиена од Институтот Отворено Општество во Македонија (СОРОС) и 22-та компјутери (по 11 за секое сајбер кафе), а просторот ќе го прилагоди ССУКМ. Со таа наша определба и ветување дека во сите студентски домови на нашиот Универзитет постојат вакви интернет простори се оствари.

В.П. Дали имате нешто да додадете?

Д.Б. По, најпрвин би посакал многу успех во студирањето, вашиот весник непрекинато да излегува, соработката со ССФзФ и натаму да се одвива на едно високо ниво, а ССУКМ се разбира доколку е во можност ќе направи напори да ви помогне во реализирањето на вашите идеи.

НОВИТЕ КОНФЛИКТИ ЌЕ БИДАТ ПОРАДИ КУЛТУРАТА

По завршувањето на студената војна не се зборуваше за ништо друго освен за културата. Под култура не се подразбира литература, уметност итн.-туку силата - двигател на човечкото однесување. Насекаде во светот научници и политичари се обидуваат да ја објаснат економијата, политиката и дипломатијата со "културни зони", а не со активности на влади, лидери и со економски интереси. Хантингтон е само еден од се поголемите автори кои го потенцираат значењето на културните вредности во хаосот што настана по пропаѓањето на комунизмот. Научниците одамна тврдат дека културните вредности го определуваат стремежот на луѓето кон економска благосостојба. Нестабилноста во Латинска Америка, економското чудо на Тајван или Кореја, достигнувањата на Јапонија - сето тоа се објаснува со културата. Се вели дека земјите со "низок степен на доверба меѓу луѓето како Кина, Франција и Италија тешко развиваат меѓународни компании и затоа заостануваат зад земјите со "висок степен на доверба" како што се: Германија, Јапонија и САД.

Демократските односи се најразвиени таму каде што се зацврстиле уште во XIV век, тоа значи дека демократијата не се создава веднаш, туку таа созрева со децении и векови. Според "културалистите" денес идеите отстапија пред културата. По индустриската револуција дојде времето на спознанието. Натрупувањето и примената на знаењата се претвора во основна економска дејност. Постојат сите претпоставки за да се формира една светска култура, еден заеднички јазик и една меѓународна класа.

Светот поделен меѓу цивилизации: Конфликтите на иднината лежат меѓу цивилизациите. Корените им се во културните разлики, а не во економските или националните интереси. Така тврди американскиот професор и политиколог Семјуел Хантингтон. Тој ја прецртува геополитичката карта на светот во светлината на културните прилики, и тоа изгледа вака: Западната цивилизација ги вклучува Северна Америка, голем дел од Европа и Австралија. Исламската прави линија која минува од Балканот преку Блискиот исток до Индонезија. Славјанскоправославната се простира од Источна Европа до Рускиот брег на Тихиот океан. Конфучијанската ја опфаќа Кина, индуистичката - Индија, јапонската - Јапонија, а будистичката цивилизација се простира од Тајван до Тибет и Монголија. Латиноамериканската и африканската пак ги покриваат соодветните континенти. Ваквите разлики меѓу цивилизациите можат да предизвикаат конфликти. Не случајно процесите на распаѓање ги засегнаа прво многу етничките и многу културните држави како Југославија и Русија. Тие беа вештачки врзани со идеологијата. По пропаѓањето на комунизмот, врската ослабна и одделните етнички групи се стремеа кон независност. Тоа е класичен пример за конфликт меѓу цивилизациите. На прашањето дали овие конфликти можат да се избегнат, Хантингтон одговара дека нема, но тие не се задолжително поврзани со насилство туку цивилизациите си влијаат на себе на различни начини. Најопасна противречност меѓу цивилизациите денес е демографската експлозија која ги подмлади исламските држави. Голем дел од нивното население е на возраст меѓу 15 и 25 години. Како резултат на тоа се зголеми агресивноста во самиот исламски свет и спрема други народи. Внатре и по границите на исламската цивилизација во последните години избувнуваат бројни конфликти.

Политичките елити на Блискиот исток го користат стремежот на враќање кон своите корени, кон религијата и кон другите вредности. Во Кина и Северна Кореја пак, ја развиваат својата воена сила, а сето тоа е најопасниот предизвик на западот. Во последно време се поголема е опасноста од фундаментализмот. Доказ за тоа е успехот на партиите врз верска основа во Турција, Индија и Израел.

На крајот Хантингтон вели дека со векови наназад Запад е најмоќната и најдинамичната цивилизација, но неговото влијание ќе ослабне. Ќе се формираат плуралистички општества, во кои различни култури, ако не сакаат да се судрат, ќе треба да научат да живеат заедно.

Дејан Доневски

МИТОЛОГИЈА И ТЕОГОНИЈА

Запишувањето на двата наслови термини заедно, се должи на нивната онтолошка поврзаност, нивната континуирана испреплетеност и нецелосна детерминираност, што се должи пак на преширокаата опфатност. Со други зборови тешко е да определиме каде почнува едниот а каде другиот термин и каде завршуваат. Се чини дека не може да се постави реска граница меѓу нив, а секое нивно одвојување ќе значи дупка во опфатеноста на секој поединечно и нивно парцијално третирање.

Но колку овие термини биле и се третирани од нашево општество, колкава е неговата потреба од нив и нивните импликации врз општествените појави, е онаа интересна тема која тежнееме да ја начнеме.

Најпрвин би почнале од теогонијата, која е голем залак за нашата детерминирана свест (а најверојатно и потсвест) кон до скоро актуелниот општествен мит на реалсоцијализмот за човекот - творец или сетворец кој крваво ги симна боговите од нивниот позлатен трон.

А легендата за оваа пурпурна војна работена според назнаките на историографијата гласи вака. Човекот многу пати се почувствува мал редејќи се себе си во духовниот ред, и заземајќи го славното Н-илјадито место, веднаш зад боговите, полубоговите, четврт боговите и милионите други обожени појави; Кога се почувствува доволно силен, во "темното средновековие", го зацврсти својот пантеон врз база на боговиот а боговиот понтеон го осиромаши сведувајќи го на бог-идеал со кој често пати се трудеше да се изедначи. Но дотука приказната не е кобна, тоа е нормален процес на трансформација на божјата енергија, која раситнета или окрупнета не губи од идеалноста и вкупната енергетска вредност. Исто е дали имаме една мајка божица со илјада обожавани својства, или еден олимпов комплекс од илјада обожавани лика, или господ-бог симбол на илјада совршенства.

Најпосле се појави надчовекот на Ниче, кој во голем залет како лудиот Нерон ги урна на подот белите мраморни глави и се најде вчудоневиден и збунет од неорганизираноста на битието човек, и неговиот живот - егзистенција. Збеснат од бол човекот воспостави нова верба за опстанок повлекувајќи ја паралелата Хегел-Маркс-Ленин за да изгради нов стожер на општеството. Ги воздигна култовите на антропотеос претствен како човек - генијален лидер, творец на општествениот поредок, дизајнер на свеста (а уште повеќе подсвеста). Тој беше претставен преку мајсторските икони Хитлер, Сталин, Чаушеску, Хоџа (а најверојатно и Тито). Но овие "теоси" беа израз на човековата несовршеност, ништожност и краткотрајност, и паднаа во прав и пепел оставајќи зад себе крв и плач.

А оваа не така куса приказна моравме да ја ислушаме за да ја разбереме "одбивната" теогонија и нашиот однос кон неа, кој е последичност на класичната фобија на квази боговите од светиот збор ТЕОС, и сите негови разработки: теологија, теогносија, теософија, и подрастичните *теофанија*, *теократија*, *теоманија* и теоплегија.

Можеби најсуштинска од овие е теогонијата со својата онтолошка вредност, и нејзиното ускратување за човекот значи исто како и ускратување од тео-рија (гледање, студиозно проучување, знаење и ново претпоставување) што резултира со целосно духовно осиромашување. Со други зборови неповрзаноста и незнаењето за боговите-идеали не прави се подалечни од идеалноста и се поништожни.

А со ова стасуваме кај митологијата. Да ја знаевме добро ќе се

поучевме од примерот на Прометеј, Сизиф и сите херои и немаше да никнат тиранските, квази божества. Во митологијата боговите многупати ја казнуваат човековата бозгордеаност и чувство на совршеност а според заслугите човека го воздигаат и вознижуваат.

Митологијата е извор на гносос, и без нејзиното изучување научниците од најразлични области и научни дисциплини се луѓе кои се некомпетентни за широки научни судови.

Во комплексот на онтолошко-социолошките науки митологијата е базис. Таа претставува метафоричен приказ на архаичното човеково усно паметење. Карактеристичен пример за тоа е митот за големиот потоп кој е присутен од најстарите политеистички па се до монотеизмот на сеуште присутните големи светски религии. Преку него со малку храброст можеме да погледнеме во собитијата на дилувиумот, тој научно прапочетен човеков ареал.

На тој начин митологијата навлегува длабоко се до стручните области на геологијата, палеонтологијата и антропологијата водејќи ја науката низ темниот ходник на незнаењето.

Компаративната студија на митологиите на различни култури, дава резултати со зачудувачка идентичност, што пак посочува на заедничката папочна врвица на древните култури. Со овој чекор најблаго речено се трасира патот за откривање на заедничкиот прапочеток, што најопшто гледано значи исполнување на основниот научен нагон за човечко себесознавање. Во овој момент нужно е да напомнам дека тоа што грчката и римската митологија ги среќаваме во полн расцут и приземна отвореност не ни дава за право да ги отфрлиме помистичните (египетската и онаа на средна Азија), како и условно поновите и подеорганизирани пантеони на словенската и германската митологија.

Од друга страна длабоко оцртаните ликови на грчкиот пантеон ни даваат можност да ги запознаеме различните концепти на живеење на ситно измиксираните етнички микроструктури во Егеја. Нивните имиња се сплет од значајни јазични "фосили" кои и отвараат куп работа на палеолингвистиката, етнографијата и сродните дисциплини. Низ првите значајни пишани дела на античноста го согледуваме процесот на оформување на комплицираниот пантеон, кој не претставува ништо друго туку насушна потреба за конфесионална толеранција, издигната до стадиум на конфесионално помирување. Така сите ситни имиња, обожувања, митови, огништа, и свети места влегоа во суштината на засиленият и оформен хеленистички пантеон и светиот збор ТЕОС. Тоа е пример за иднината како духовното заедништво води кон подобар живот и цивилизациски напредок во едно економски многу комуникативно подрачје како што била Егеја и каков што е светот денес.

Љубен Тевдовски

За програмата

"ЧЕКОР ПО ЧЕКОР"



Во јануари од 17 до 21 ние студентите од III и IV година од групата Педагогија бевме на семинар во Охрид што го организираше програмата "Чекор по чекор" под водство на проф. др. Маја Тофовиќ. Овој семинар траеше 4 дена во хотелот "Метропол". Целото време ни беше исполнето со предавања од областа на оваа програма, во која беа вклучени и координатори од другите педагошки факултети и училишта во Македонија. Во Охрид на предавањата од овој семинар присуствуваа и студенти од IV година од Педагошките академии од Штип и Битола, како и албански студенти од истиот факултет во Скопје. За предавањата бевме поделени во три групи кои опфаќаа студенти од сите факултети со цел да си разменими мислења за нашата струка и да дискутираме соработувајќи заедно за новата програма. Програмата "Чекор по чекор" е нова програма за начинот на предавање и соработување со децата и родителите во предучилишните установи и паралелките од I до IV одделение, во основните училишта во Македонија па и во другите земји во светот. Оваа програма е интернационална и потекнува од Америка. Во Македонија програмата "Чекор по чекор" се изведува во наведените установи веќе 4 години и бидејќи е многу успешна Министерството за образование и физичка култура одлучи пред месец дена да се воведе во сите училишта и градинки во Македонија. Програмата "Чекор по чекор" ги опфаќаше следниве содржини:

*Првиот ден не воведоа во фи*лозофијата на програмата која ги содржеше:

- демократскиот принцип на работа;
- индивидуализацијата;
- диференцијација;
- стимулативна средина на учење;
- ученикот како активен субјект во учењето;
- наставник - партнер во учење;
- учество на семејството во настава;
- проценка;
- интегрирано учење;
- тимска работа;
- дидактички материјал;

а потоа следуваше вториот час со "Учење низ игра" во кој ние студентите земавме активно учество. Од овој час научивме колку играта им значи на децата и зошто децата не треба да се прекинуваат кога си играат. Низ играта децата ги учат карактеристиките на луѓето, животните и предметите, ја развиваат креативноста, фантазијата, вештината за решавање на проблемите и многу слични работи. Играта на децата им овозможува да бидат независни, да се однесуваат одговорно, да прават избор и да сносат последици, да развиваат вештини за критичко размислување, да ги почитуваат другите и да ги одредат и изразат нивните потреби и барања. Во играта на детето главни компоненти се времето кое е неодредено, просторот кој е неограничен играчките - дадени во соодност со возраста на детето, соиграчот како и воспитувачот кој е модел, поттикнувач и опсерватор, а и најважната компонента, а тоа е смеењето во играта кое има низа позитивни функции.

Третиот час се однесуваше на јакнењето на самодовербата кај децата од која следеа дефинициите:

- однесувајте се кон децата со почит
- бидете сигурни дека децата ги уживаат привилегиите
- прекинувајте ги опасните и деструктивни однесувања
- наградете го секој вид на соодветно однесување
- уживајте со децата и.т.н.

Исто така се говореше и за техниките кои треба да ги применува учителот или воспитувачот за да се поттикне детската самодоверба

како и за тоа каква улога има семејството во развојот на детската самодоверба. Последниот час се говореше за тоа, каква треба да биде средината за учење. За оваа област координаторите на проектот ни прикажаа една училница со мноштво нагледни средства и цртежи од децата, распоредот на клупите беше различен од училниците каде се изведува класична настава. Имаше театарско катче аквариум со рипчиња, а односот на учителката со учениците беше послободен. Имаше посебни катчиња - центри во кои децата межеа да работат по избор како на пример: научен, ликовен и математички центар, центри за читање и пишување и сл.

Вториот ден предавањето ни започна со часот за значењето на соработката со семејството од страна на учителот т.е. емоционално и физичко вклучување во животот на детето и родителот како и начинот на разговарање со родителите. Од сево ова произлегоа принципите на комуникација кои го содржат следново:

- почитување на личноста на родителот
- ефикасно користење на времето
- користење на искуството на родителот
- тактичност
- корисност
- принцип на возрасна и образовна насоченост.

На вториот час по тематско планирање прецизно се дефинираа ситуациите кои е неопходни да се планираат.

На часот за Опсервација или проценка заклучивме:

- кои се потребите на децата?
- кои се нивните проблеми?
- дали имаат пречки во развојот?
- која програма е најдобра за нив?
- како децата ја изведуваат наставата/
- во кои развојни области им е потребна помош
- дали се подготвени за на училиште?
- дали се талентирани деца или деца со посебни потреби?
- дали се подготвени да започнат со формалните инструкции за читање и
- дали имаат потенцијални проблеми во процесот на учење?

Овие проценки произлегуваат од така наречените "Портволио" или досие за секое дете во градинката или одделението, во кое се наоѓаат сите негови ликовни дела, тестчиња, задачи и сл. кои не се оценуваат веднаш туку се собираат во тоа досие за на крај на годината од сето тоа да се извади заклучна оценка. Тоа значи дека портфолиото е индивидуална системска збирка на документи кои покажуваат што прави детето и што изработува во градинката или училиштето.



Третиот ден имавме предавања за тоа како може на поинтересен начин да се спроведе часот по математика преку игра со што и ние студентите бевме активно вклучени, а на часот по литература учевме како може посликовито и поинтересно да се обработи некоја приказна во која исто така и ние бевме вклучени. Последниот ден се донесуваа заклучоци за програмата и семинарот од наша страна, а нашите заклучоци беа дека оваа програма навистина е многу добра и беше прифатена од сите нас - студентите кои ќе настојуваме се подобро да се реализира во училиштата и предучилишните установи. Во текот на семинарот во Охрид, не само што научивме нешто за оваа програма туку и поминавме незаборавни денови со колегите од другите факултети и останатите професори кои ни го подобруваа расположението со тоа што се дружеа и разговараа со нас. Мораме да ги споменеме и свечените вечери во кои сите заедно пеевме, игравме и се дружевме. За сето ова ние студентите од III и IV година на институтот за педагогија му заблагодаруваме на спонзорот СОРОС и професорката Маја Тофовиќ што ни овозможија да отидеме во Охрид и да научиме како да работиме со децата од предучилишните установи и училиштата по програмата "Чекор по чекор" и се надеваме дека и понатаму ќе има семинари на кои вака незаборавно ќе си поминеме, поготово ако е присутен и професорот Киро Камберски.

Сузана Темелковска

ВО ПОТРАГА ПО ЕДИНСТВЕН МЕТОД

Уште Јан Амос Коменски на стојувал да најде таква општа организација на наставата во која таа би се остварувала според единствени закони на човековата природа. Тогаш наставата не би имала потреба од ништо друго освен "умешно распределување на времето, предметот и методите". "Во идеални услови, при единствен совршен метод", сметал Коменски, "се ќе тргне напред исто така јасно како што оди часовникот со урамнотежено тежиште, исто така пријатно и радосно како што е пријатно и радосно да се набљудува таков вид автомат, и најпосле, со таква точност каква што е можно да се постигне само кај вклучен фин инструмент."

Во времето на Коменски во педагогијата се преземани повеќе обиди наставата да се направи слично на добро регулиран механизам. Познато е, меѓутоа, дека и сега, три векови потоа, ние не се приближуваме кон идеалот на механички граден, урамнотежен наставен процес. Но, воопшто не поради слабоста на науката во истражувањето на природата на човекот. Напротив, науките за човекот даваат разновидна слика за настанокот и развојот на личноста, за формирањето на психата, за развојот на сознајната ативност, за освојувањето на околниот свет од страна на човекот. Па, сепак, психолошко-педагошката наука не е во состојба да го направи училиштето слично на таков "совршен инструмент", за каков што говорел Коменски.

Што пречи да се изнајде идеален единствен метод?

Кратко речено - разновидноста, многуваријантноста и неедносзначноста. Разновидноста на наставните (поточно, воспитно-образовни) задачи. Разновидност на елементите на содржината на образованието и видовите наставен материјал. Неедносзначноста на пројавувањето на законитостите на неговото усвојување во зависност од индивидуалните особености на детето, на неговиот стил на сознајна активност и многу други фактори, се до условите во училницата, заемните односи меѓу учениците и односите со наставникот.

Ние гледаме како различно работат успешните наставници, како ги водат часовите, како различно го организираат наставниот процес, добиваат високи резултати и при "традиционални" часови и при невообичаени форми и методи на настава, наречени иновации. Уште поголема разновидност може да се сретне во училиштата на разни земји во светот: од обичен час во обична училница до настава во која повеќе од стотина деца работат едновремено-индивидуално и групно - под раководство на еден-двајца педагози; од повеќедневна наставна игра кога децата го прибираат и изучуваат неопходниот материјал, за потоа да ги покажат своите знаења во прекрасна натпреварувачка игра, - до, на прв поглед, неверојатната повеќечасовна сеанса на групно решавање на проблеми врз основа на претставно-метафорично мислење.

Според тоа, во наставната практика нема единствен идеален приод, туку постојат многу разновидни форми и методи, модели на наставен процес кои покажуваат ефективност-секој во своите услови - во рацете на педагогот - мајстор. Како што се гледа, овде состојбата е иста како и во животот на општеството, чијшто дел е училиштето. Идејата за повеќеваријантност на моделите на животот и на развојот на училиштето, на неговиот наставен процес добива се поголемо признание во целиот свет.

Па, сепак обидите за единствен ефективен пристап не престануваат. За тоа има важни причини. Во XX век училишната настава стана масовна, а потоа и сеопшта, опфаќајќи ги сите деца од соодветната возраст прво во основното, а последните децении и во средното училиште. Во такви услови училиштето се судира со очигледна противречност: барањата за квалитет на масовната подготвка на учениците што го завршуваат училиштето растат, нивото на наставата за сите ученици се зголемува, дијапазонот на индивидуалните разлики на децата е широк, а условите за настава остануваат просечни. Не е чудно што наставниот процес стагнира и што општеството искажува големо незадоволство од работата на училиштето. Не е чудно ни тоа што многумина педагози продолжуваат да трагаат по таква организација на наставниот процес која ќе биде ефективна во услови на масовно училиште, која без исклучок ќе обезбедува успех во рацете на обичниот учител.

Со други зборови, во современата педагогија се трага по такви дидактички приоди, такви дидактички средства, кои ќе можат да ја претворат наставата во своевиден производно-технолошки процес со гарантирани резултати.

Десѝина Сѝаскова

ГОВОРОТ КАЈ ГЛУВОТО ДЕТЕ

Говорот е способност "за изразување на артикулираните гласови или зборови за да се изразат мисли". Можеме да кажеме и дека говорот е систем на слушни и видни знаци со користење на телесната мускулатура и ткивата, се со цел за соопштување на некоја идеја.

Артикулираниот човечки збор е посебен феномен на воздушна вибрација. Таа настанува со волева моторна заповед, со хармонично управување на контракцијата на респираторните мускули. Во оваа активност учествуваат различни мускули под инервација на нервните импулси контролирани од центарот на мозокот.

Меѓутоа за постигнување на успешен говор потребна е поврзаност на функцијата слух со низа други психо-физички функции. Поврзаноста на слушната перцепција со психомоториката се запазува во облик на Моров рефлекс. На јак звучен импулс новороденчето реагира со движења на целото тело, подигање на рацете и нозете на стереотипен начин. Во понатамошниот развој тој глобален моторен рефлекс се диференцира на различни, поединечни автоматизми кои на крај стануваат свесни движења со кои човекот реагира на различни звучни дразби. Стекнувањето на моторните и говорните способности можеме истовремено да го следиме и низ три фази во првите три години од животот на детето.

Првата фаза, до првата година карактеристична е со несредени и недиференцирани движења. Во моторната способност се одразува несовршеноста и незрелоста на мотериката и мускулатурата и се изразува преку фазата на лазење и неодржување рамнотежа. Во артикулацијата се манифестира низ несовршена моторност на говорните органи - првите крикови, гукање.

Втората фаза е обележана со диференцирање на целисходните од нецелисходни движења. Во моторните способности тоа е стекнување на моторни способности, - почеток на исправено стоење. Во говорот тоа е артикулирање на гласови, слогови, реченици (стекнување на говорни способности). Таа фаза во артикулацијата го обележува почетокот на разбирање со луѓето.

Третата фаза - околу 3 год. е проследена со автоматизација на движењата, т.е. во говорот. Во моторната способност детето врши прости движења, само самостојно се движи. Во артикулацијата самостојно изговара реченици и почнува самостојно да се разбира.

Моторниот и говорниот развиток завршуваат околу 3 год. Глувото дете поради недостиг на слушна перцепција останува на ниво на I фаза која ја карактеризираат непосредни и недиференцирани движења во целина. На детето му недостига авторегулација, feed-back кој би предизвикал реакција на имитирање. Меѓутоа во циркуларниот процес можеме да се вклучиме на било кое ниво со помош на еден стимулус. Поради тоа користиме движења како стимулус за говор, односно како стимул за оживување на нагонот за говор.

Билјана Постолова

КАДЕ СЕ НАОЃААТ КОРЕНИТЕ НА ДРЖАВАТА

За да се формира и опстојува државата потребно е во општествената група да постои морална врска која сразмерно (во дозволените граници) ќе го обликува (формира) интересот на секоја помала општествена ѓрупа во која влегува човекот како единка. Според де Бонал и де Местр морална заедница може да опстане и дејствува само со постоење и дејствување на легитимен авторитет, со своја хиерархиска структура. Секогаш на врвот на хиерархијата треба да се наоѓа вербата т.е. религијата и водачот (предводник).

Од ова не се многу далеку ни Сигмунд Фројд и приврзаниците на социолошката школа на Дирхем (Рене Хуверт), првиот преку постанокот на религијата и општеството т.е. преку табуто на убивање на тотемот и табуто на инцестот и вториот преку таканаречената индивидуализација на сувереноста. Фројд објаснувајќи го постанокот на општеството истовремено го објаснил и на тотемот т.е. религијата, сето тоа опишувајќи го на еден едноставен и сликовит начин на убивање на татко̀, а потоа и на поставување на табуите. "Овде има лут, љубоморен татко кој за себе ги задржува сите женки, а нараснатите синови ги растерува." Овде предводникот ја приграбува и вербата на останатите личности и ги користи во индивидуални интереси. "Еден ден се собрале прогонетите браќа, го убиле и го изеле таткото, и го прекратувајќи го постењето на татковата орда." Со убиството на таткото, синовите го прекратиле и несразмерниот интерес, го поделиле така за да бидат сите задоволни. "Здружени се осмелиле и го спровеле до крај она што му било невозможно на секој како поединец (можеби некој култуирен напредок, откритие на некое ново орудие им го дало чувството на надмоќ). Тоа што убиениот го изеле е само по себе разбирливо за дивјаците канибали. Лутиот прататко сигурно бил пример на кого му завидувале и од кого се плашел секој поединец од толпата здружени браќа. После актот на јадењето ја спровеле идентификацијата со него, секој од нив добил дел од неговата сила. Тотемскиот ручек, **можеби првиот празник на човештвото** би бил повторување и парастос на овој знаменит, престапнички чин, во кој се наоѓа почетокот на многу нешта - на социјалните организации, обичајните ограничувања и религијата."

Почетоците на организирана заедница се наоѓаат во опишуваниот настан. Таткото во овој случај се појавува како религиско - обреден и ритуален "предмет". Тие го мразеле таткото кој моќно се испречил на нивните желби за власт и нивните сексуални барања, но го сакале и му се восхитувале. Откако го одстраниле, ја задоволиле својата омраза и ја спровеле својата желба за идентификација со него, морале да бидат обземени од нежните поттици. Тоа се одвивало во облик на каење, се јавиле сознанија за вината која овде се стопува со општото чувство на каење."

Од овде започнува да се раѓа моралноста на човекот со што се повеќе човекот го напушта животинскиот и се приклучува на разумниот начин на живеење.

"Секако е разбирливо да се претпостави дека после убиството на таткото браќата меѓусебно се скарале околу наследството, кое секој од нив го сакал за себе. Со време тие сфатиле дека овие борби се исто толку опасни колку и залудни. Ова тешко стакнато разбирање, како и сеќавањето на ослободувањето што заедно го постигнале и поврзаноста што се создала меѓу нив, до некоја врста општествен договор.[1] Така се создал првиот облик на општествена организација која ја следело напуштање на инстиктивното задоволување, создавањето на заемните обврски, **институции** кои се прогласени за свети и кои не можеле да се раскинат - накратко почеток на **моралот и законот**." Формираните институции, какви - такви, го исполнуваа и бараниот услов од многу личности, институционализација на општеството.

"На браќата не им преостанало, ако сакале да живеат заедно - пребродувајќи тешки меѓуперио̀ди - да ја создадат забраната на инцестот, со која сите истовремено се одрекле од саканите жени, поради кои и на прво место го одстраниле таткото. **Со тоа ја спасиле организацијата која ги направила јаки...**""

Теоријата на сувереноста исто така е една од повеќето кои се симнуваат длабоко во општеството да ги бараат корените на државата.

Во почетниот облик на здружување на луѓето во заедница сувереноста подеднакво е распоредена на секој член од заедницата. Но, тоа временски било многу кратко и сувереноста започнала да се натрупува на поединци, како што се свеш-

тениците и племенските поглавари, и други лица. Со натрупувањето на сувереноста околу поединци, значајни за заедницата, започнува и организирањето на различни институции и установи со еден збор во држава. Од нашите животни искуства знаеме дека постои рамноправност т.е. еднаквост, но сето тоа е привидно, постои помала или поголема разлика, во нашиот случај на сувереноста. Гледано од денешниот аспект тој период на привидна еднаквост е многу кратко и е потребно за премин од "животинска" во човекова (разумна) заедница. Затоа можеме да заклучиме дека "наведената теорија е пример за еволуционистичко сеќавање на настанувањето на државата од некое генетичко јадро[2], кое требало да постои на самиот почеток на човековото општество. **Тоа генетичко јадро, по наведената теорија е сувереност која во почетокот на општеството била поделена на сите членови во заедницата.**

Ќе ја искористиме старата поставеност на општеството, а со тоа и на државата.

Според тоа ќе кажеме дека државата се наоѓа во длабочините на општествениот живот, во почетоците на заедничкиот живот на човекот.

Во преодниот период од бескласна првобитна заедница во прва класна, робовладетелска општествена формација, настанале оние економски услови, во коишто, во историјата прв пат се појавува како нов општествен организам - држава.

Основен општествено-економски услов кој довел до настанување на државата е приватната сопственост и натрупувањето на богатства кои таа ги овозможила и која го поделила општеството на експлоататори и експлоатирани. "Имотните разлики во истиот генс го претвориле заедничкиот **интерес** во антагонизам на гентилни другари." Гентилното општество со своите начела на единство на сите членови на генсот не можело повеќе да го обзема тој антагонизам па поради тоа и се распаднал. На неговите рушевини се појавила државата.

Според марксистичката теорија основни атрибути на државата се: Во државата луѓето се здружуваат по територијални начела; Државата е организација на јавната власт; Гентилното општество не познавало ни задолжителни парични давачки - даноци и Расцепот на општеството на богати и сиромашни, на експлоататори и експлоатирани на две антагонистички класи, создале во историјата услови за настанување на државата.

Според приврзаниците на социолошката школа на Емил Диркем државата настанало во процесот таканаречен **индивидуализација на сувереноста**. Според нив сувереноста има длабоки корени кои се симнуваат во длабочината на општествените односи... дека е положено во самото општествено тело... дека општеството е иманентна традиција, волја и свест."

Во примитивните друштва оваа сувереност, по оваа теорија е дифузна, рамномерно поделена на сите членови на општеството. Меѓутоа набрзо - веќе во примитивното општество - започнува процесот на "индивидуализација" и "кондензација" на сувереноста околу поедини, значајни членови на општеството, како што се родовските и племенските старешини, свештеници, (маги) и слично. Во процесот на оваа "индивидуализација" и "кондензација", сувереноста, која во почетокот припаѓала на општеството во целина, се организираат различни политички органи или установи, во држава. Причина за таков процес на настанување на државата е во теоријата постојаното населување, во територизација на примитивните народи, во разни верски обреди и т.н., т.е. во се можно само не во расцепот на општеството на антагонистички класи.

Сето ова зборува за тоа дека ни граѓанската социологија не може да го заобиколи очигледниот факт дека во развојот на општеството постојат расцепи кои не знаат за држава. И најпосле, наведената теорија е пример за еволуционистичко сфаќање за издигање на државата од некое генетичко јадро, кое требало да постои на самиот почеток на човековото општество. Како што го започнавме текстот, така и ќе го завршиме со зборовите дека **за да се формира и опстојува државата потребно е во општествената група да постои морална врска која сразмерно (по дозволените граници) ќе го обликува интересот на секоја помала општествена група во која влегува човекот како индивидуа**.

Според тоа **државата претставува морална заедница на субјекти од интерес**. Според де Бонал и де Местр **морална заедница може да опстане и дејствува само со постоење и дејствување на легитимен авторитет, со своја хиерархиска структура. Секогаш на врвот на хиерархијата треба да се наоѓа вербата т.е. религијата и водачот (предводник).**

Сакале или не мораме да признаеме дека елементите на државата се појавуваат во најраните облици на човековата заедница.

Коце Стојменов

[1] "Кланот, кој своето тотемско животно во свечената прилика најсурово го убива и пресно го јаде, крвта, месото и коските, притоа претставниците на племето се така преоблечени да личат на тотемот, го имитираат неговиот рев и движење како да сакаат да ги повлечат својот и неговиот идентитет. Притоа, се знае дека се изведува дејствие забрането за секој поединец кое единствено може да се оправда со учеството на сите, никој не смее да се издвои од убивањето и ручекот."
Со ова се прилагодува интересот во рамки дозволени за секој член од заедницата, а со тоа и исполнување на една од причините за бунтот против таткото.

[2] Тоа е време кога браќата по убиството на таткото ги формирале двата табуи со цел да ја спасат организацијата, на задоволни неконкурентски особи.

ДЕНДЕТ ВОЛОНТЕР – ПРОФЕСИОНАЛЕН РАБОТНИК

Паралелниот начин на дејствување на професионалците и доброволците во повеќето области на општествениот живот, а особено во областа на социјалната заштита, секогаш била поздравувана од целокупното општество, но сепак претставува спорна точка во односите помеѓу двајцата партнери. Спорот се однесува пред се за стручната подготовка. Имено, и порано, а и денес, постојат мислења дека непрофесионалните лица не се во состојба да се вклучат во решавање на човечки проблеми, особено во услови кога современиот човек бара од нив брз, стручен и ефикасен совет.

Огромно влијание врз ваквите мислења како и врз убедувањето на професионалците за ограничените можности на волонтерите имаше психоаналитичката школа на З. Фројд.

Од научните тези на фројдистите произлегува дека сложените човечки проблеми не можат да бидат разрешувани со волонтери неподготвени за тие задачи. На ваквите размислувања им се спротивставуваат застапниците на мислењето дека доброволната активност не им служи само на луѓето за кои е наменета, туку пошироко влијае врз самите волонтери во задоволувањето на нивните потреби и во хуманизација на човечките односи.

Доневска М. (Годишен зборник, 1993. стр. 178) наведува дека главни адути за постоење на волонтерството се:

- волонтерите наоѓаат нови неконвенционални облици на работи;
- волонтерите успешно ја анимираат заедницата и се поефикасни во остварувањето на врските со другите институции и организации;
- волонтерите поквалитетно работат со странки;
- волонтерството ги намалува трошоците што ги издвојува државата за реализација на социјалните програми и социјалните акции.

Фактот на паралелно делување на двајцата партнери има свои причини во општествените условувања, а исто така и во сфаќањето на цивилното општество. Пред се сите држави независно од степенот на нивниот економски развој, не се во состојба во рамките на своите финансиски можности да ги разрешуваат комплицираните проблеми на сите граѓани. Па од тука се јавува потреба од активизација на локалната заедница и анимирање на луѓето во рамките на невладините организации и алтернативните движења. Ваквото размислување е присутно и во програмите на сите политички партии во Европа, посебно во либералната и социјалдемократската опција. Имено, се смета дека невладините организации - посредуваат помеѓу целите на социјалната политика и нејзините адресати и вршат мобилизација врз средината. Според Херман, наведува Доневска М., од крајот на 60-те години се сретнуваме со нови облици на доброволна работа како на американските простори, така и во Западна Европа. Овие нови облици всушност претставуваат поголема соработка помеѓу невладините организации и државните институции, односно меѓу волонтерите и професионалните работници.

Тоа го согледуваме и во трите основни функции на волонтерската работа: предвидувачка, сумплементарна и оформувачка. Предвидивачката функција се состои во тоа што волонтерите како активисти најдлабоко навлегуваат во проблемите кои се јавуваат во одделни средини, поради што можат најдобро да ги предвидат настанатите проблеми и новите потреби на населението.

Суплементарната или комплементарната функција на доброволците се остварува преку дополнителната ангажираност на волонтерите во извршувањето работи од социјалната сфера.

Оформувачката функција пак, е поврзана со фактот дека доброволците кои директно работат со странките, пронаоѓаат нови техники, нови начини на пристап и комуникација со нив. Благодарение на тоа може да се разбие бирократизмот и конзервативниот начин во работењето, што понекогаш е карактеристично за професионалците.

Како и да е, спорот помеѓу двете групи постои и денес, ескалира, се намалува, и пак расте. Сепак она што радува е тоа што согласно со последните истражувања кои беа спроведени во многу земји, бројот на волонтерите кои делуваат во различни сфери од општествениот живот (не само во социјалната заштита) постојано се зголемува.

Влатко Деков

Добро планирање загарантиран успех

Губење апетит, чести главоболки, "празнини" во меморијата, се само некои пореметувања од кои патат учениците и студентите особено во второто полугодие или летниот семестар. Затоа Ви нудам некои совети за што полесно и поедноставно да постигнете добри резултати.

* Како да го контролирате стравот

Стравот од испит е нормален, сметаат психолозите, но проблемот се јавува кога тој (стравот) е толку голем што го оневозможува постигнувањето на добри резултати. За да го контролирате истиот, треба пред се да размислите за значењето кое го придавате на оценката од одредениот предмет, односно, дали се плашите затоа што родителите од вас очекуваат само најдобри резултати или можеби испрашувањето го сфаќате како дефинитивно преиспитување на сопствените можности.

* Како да учите

Еве неколку совети како подобро да го испланирате своето време, кога учењето е во прашање:

- имајте секогаш на ум дека учењето започнува уште на часот додека професорот се уште ја предава лекцијата. Правилното водење белешки и вниманието во текот на предавањето можат да бидат многу корисни кога ќе дојде време за полагање.

- запомнете дека концентрацијата трае максимално 30 минути и дека скоро бескорисно е да се учи и по неколку часа без пауза.

- добро испланираното време за учење ви остава простор и за прошетка со пријателите и за некое хоби кое ве опушта.

- треба да го искористите времето кога концентрацијата ви е најдобра: некој подобро помни наутро, некој во вечерните часови; но никако немојте да го намалувате времето за сон.

- добро е познато дека голем број ученици и студенти учат "кога ќе згусне", но просто е невозможно се да се научи во крајниот рок. Најдобро е да учите лекција по лекција и што почесто да ги повторувате зошто така градивото најдобро се помни на "долги патеки".



- додека учите немојте да бидете опкружени со предмети кои лесно ви го привлекуваат вниманието. На пример ако на вашата работна маса има телефон, тоа значи дека на дофат на рацете ви е предизвик на кој тешко кој може да му одолее.

- понекогаш учењето со двајца-тројца колеги може да биде мошне корисно. Повторувањето на материјалот во друштво може да ви помогне да го надминете стравот од одговарање пред поширок аудиториум, а истовремено ја подобрува способноста за излагање на лекцијата.

- додека учите мора да обрнете внимание на исхраната и не заборавајте дека во текот на учењето на организмот му е потребно енергетски посилна храна. Јадете малку, но често.

* Како најлесно да излезете на устен испит

Елементот кој никако не смеете да го заборавите кога излегувате на устен испит е секако вербата во самиот себе. Оној кој нема доволно самодоверба ризикува да кога ќе излезе на устен испит да го заборави она што го знае, а често се случува и да дава погрешни одговори. Слушајте ги внимателно оние кои одговараат пред вас, затоа што така лесно ќе ги воочиме оние прашања кои најчесто "се паѓаат".

На крај, додека одговарате најдобро е да се служите со кратки и едноставни реченици. Избегнувајте ги поимите кои не знаете што значат, а ги користите само за да го импресионирате професорот.

Марија Петровска

(НЕ)КУЛТУРА

ЖИВОТОТ ВО ГРАДОТ

Покрај вообичаените проблеми карактеристични за животот во големите градови жителите во големите згради во Скопје, а и ширум нашава земја, имаат уште еден кој станува наша специфика: при влегување или излегување од зграда, треба да внимаваат да не им падне некоја кеса со ѓубре на главата. Овој обичај, кесите со ѓубре наместо да се фрлаат во контејнер, туку "летаат" од прозорците на зградите, датира во поново време. Нашите предци ѓубрето го фрлале на ѓубришта далеку од своите домови, а жителите во селата за таа цел користеле канти за ѓубре. Не многу одамна во општата клима на намалување на цивилизациските трендови, отфрлени се најосновните норми на културното однесување на жителите и тие почнале да ја загрозуваат, не само својата околина, туку и суштината на животот во градот. Расфрленоста на ѓубрето, е само погодна илустрација за она што се случува.

Проблемот на сите градови во светот, па и на нашите, е нивното стихијно ширење. Многу теоретичари мислат дека до пропаѓање на светот и цивилизацијата ќе дојде токму поради она што се случува во големите градови, зошто, културата ќе се потврди во градот или воопшто нема да ја има; животот ќе се потврди во градот или воопшто нема да го има. Градовите се повеќе и повеќе се шират, на тоа никој повеќе не може да влијае и тоа е наша цивилизациска карактеристика. Тоа е болест за која нема лек. Кај нас, во услови на општо осиромашување, доаѓа до разрушување на градовите, односно до нивно рушење од внатре. Просто, градовите станаа изветвени. Дури и нашево Скопја личи на изветвен капут на кој се уште постои по некое копче кое засветлува.

Како место во кое живеат луѓе, а луѓето сметаме се уште дека се дел од природата, градот треба да биде во непосредна близина со природата, да биде нејзиното продолжение. Но, за жал, во градовите природата е загрозена. Таа во нив останала само во фрагменти.

Во градовите, неорганското се шири на сметка на органското, победува сивата димензија - бетонот. И за она малку зеленило што постои, постои голема можност да се уништи, според логиката на користољубието. Сега ќе ја повторам веќе изживеаната фраза дека - зелените површини се белите дробови на градот. А кај нас, природата во градовите изгледа уапсена, заробена од бетонот, сивилото и механизмот на живеење. Нема рамнотежа меѓу природата и тоа што човекот вештачки го направил, а таа рамнотежа е потребна и од психолошки и од економски причини.

Исто така, како за чудо зборувавме како во Америка во големите градови луѓето не ги познаваат своите соседи. Денес тоа ни се случува и нам. Прашајте само некој ваш пријател кој живее во голема зграда или запрашајте се себе си, колку луѓе познавате од вашите соседи?

Но, тоа е наша "потреба", на некој начин да не знаеме кон ни е сосед, да глумиме белосветски независни луѓе, се е тоа голем комплекс и малограѓански став. Големограѓаните станаа специфичен вид малограѓани, имаат малограѓански став кон луѓето, вредностите, светот. Живеат во големите градови, а душата им е мала, стегната. Сето ова говори дека градот е симбол на голема осаменост. Изгледа како апсурд да се биде сам меѓу мноштво луѓе, а тоа е најтежок вид осаменост.

Во големите градови се помалку има можност за средба со други луѓе, за дружење. А комуникацијата е централна категорија за постоење на културата. Таму каде што нема комуникација, средби, размена на информации, постојат дефектни услови за живеење. Во големите градови, улиците станаа тесни за автомобилите, а тротоарите за луѓето.

Скопје од секогаш се карактеризирало со космополитизам, лежерност во начинот на живот, специфичниот шарм и подготвеноста секогаш без паника да преживее најголеми кризи. Што остана од тоа?

За жал, Скопје прерасна во град без стил, а ние доживеавме голема провинцијализација. Овде владеат метежот и грдотијата, доминираат шаренилото и ефтиноста. Улиците се полни со шверцери, дилери или "опасни момчиња". Скопје стана мета на луѓето кои бараат "место под сонцето". Дали тие несреќни луѓе можат да го прифатат и засакаат Скопје како свој град? Дали тие се ослободиле од своите претходни навики? Најлошо е кога човек не е ниту ваму, ниту таму. Тогаш најчесто не е никаде.

Некогаш дојденците во големите градови се труделе да ги прифатат обичаите и начинот на живот на градските луѓе, се со цел што побрзо да се "стопат" со нив и да се вклопат во животот. Денес, навиките и културата на животот во село се забораваат, а градскиот стил не се прифаќа, дури се чини дека намерно се игнорираат нормите на цивилизираниот живот кои би требало да овозможат удобен живот во градот. Сепак, знаеме дека навиките тешко се менуваат, но тука има и мала пресметка. Доколку градот некои луѓе не ги прифати до крај, ако во градот тие не се вдомиле, ако не се сигурно ситуирани, тогаш доаѓа до фрустрација, а фрустрацијата предизвикува агресија. Но, човекот не е tabula rasa на која се испишуваат само надворешните впечатоци. Тој носи архетипска структура, како нешто биолошко; човекот е био-психо-културно и цивилизирано суштество. Ние никогаш не сме имале граѓанско општество кое би било некоја матрица околу која би се воспоставил граѓанскиот начин на живот.



Во големите градови се забележува уште една значајна појава која не можеме да ја одминеме, тоа е фолклоризацијата. Општо познато е дека културата, без мостови со светот, без размена со светот, не може да опстане. Таа сама со себе се поништува. Не би сакала да зборувам за мешањето на политиката во културата, ниту за тоа кој е виновен, туку за тоа што значи изолацијата за културата. Изолацијата е убиствена за секоја култура; за културата воопшто, но и за секојдневната култура. Тоа што станавме затворено општество, најдобро покажуваат нашите градови. Удобноста, спонтаноста и радоста на животот полека исчезнуваат, додека стравот и апатијата преовладуваат. Тоа од своја страна е патолошка ситуација.

Иако, веројатно постојат со закон предвидени казни за фрлање ѓубре по улиците, палење контејнери, паркирање автомобили по парковите, уништување на клупите, корпите за отпадоци телефонските говорници, плукање по ходниците, палење на копчињата на лифтовите и др. слични работи, не е познато дека истите се користат.

Сепак, иако ни е тешко да си признаеме, нашиот народ знае само за казни, и навистина би требало да се користат за да може на некој начин да се воспостави еден цивилизиран поредок.

На влезот во Градското собрание во Копенхаген пишува: "Градот е онаков какви што се неговите граѓани". Да се запрашаме какви граѓани сме НИЕ.

Марија Петровска

КОСМИЧКАТА ОДБРАНА НА РУСИЈА

Кон крајот на осумдесеттите години Русите разсместиле повеќе од 20 главни радарски системи за откривање на лансираните противнички ракети во близина на своите граници и во периферијата на земјата. Тие системи би биле во можност навремено да ги откријат лансираните офанзивни ракети на противникот, да известат на опасноста и се разбира соодветен одговор со антибалистички ракети.

Кога поранешниот американски претседател Роланд Реган во март 1983 објавил дека ќе го финансира и развива новиот одбранбен систем за борба против ракетите со нуклеарни боеви глави познати како "Стратегиска одбранбена иницијатива" (СДИ), или Војна на ѕвездите. Оваа програма се соочила со жестока осуда и критика од политичкото и државното раководство на поранешниот СССР, односно тие сметале дека оваа нова американска програма би можела да предизвика нова трка во вооружувањето и милитаризација на космосот. Во однос на тоа прашање поранешните советски маршали заговарале и го подражувале понатамошниот развој на сопствената програма, сеопфатна против ракетна одбрана, тврдејќи дека на тоа поле постигнале значајни резултати пред Американците.

Во списанието "Military technology" или Воена технологија, било истакнато дека Русите веднаш по Втората светска војна го започнале развојот на системот на противракетна одбрана ангажирајќи ги заробените германски експерти кои уште во четириесеттите работеле на проектот производство на ракети "V1 и V2" под шифра "ВОДОПАД" (Wasservqu). Овие стручњаци заедно со експертите на Црвената армија и руските научници работеле на развојот на првите ракетни системи за противвоздушна одбрана (ПВО). Така сегашната советска (ПВО) била подготвена на воспоставување на системи кои би можеле да се спротивставуваат на американските инерконтинентални балистички ракети (ICBM) како и ракетите од среден дострел (IRBM) и балистичките ракети на подморниците (SLBM) кои носат нуклеарни боеви глави.



Рушење на "мува во лет"

Уште во 1960 година во СССР се зборувало дека поседуваат ракети кои можат да пресретнат и уништат секакво организирано водено оружје.

Една година подоцна маршалот Малиновски тогашен министер на одбраната на СССР на 22 конгрес на КПСС, изјавил дека со "уништувањето на ракетите во лет е успешно решен". Кон крајот на 1961 година Русите го започнале разместувањето на антиракетниот систем "Grifon" во близина на Ленинград. Секретарот на КПСС Никита Хрушчов врвното достигнување на руските стручњаци го искористил за пропагандни цели тврдејќи дека советската противракетна одбрана била *способна да погоди "мува во лет"*.

Во почетокот на 1962 година започнало инсталирањето на противракетниот одбранбен систем "Галош" во околината на Москва, со што противракетната одбрана речиси се истакнала на највисоко ниво во системот на одбраната на Русија. Познатиот руски воен теоретичар, генерал-мајорот Николај Таленски во советското меѓународно списание "Октомври" 1964) пишувал дека антибалистичките ракети (АБМ) се одбранбено оружје кое ќе се употреби само против напаѓачот, од-



носно агресорот, и дека од стратегиска гледна точка АБМ се моќни системи за одвраќање.

Во списанието "Правда" (од 11 февруари 1967 година_поранешниот советски премиер Алексеј М. Косигин за време на посетата во Лондон, помеѓу другото истакнал: "Верувам дека одбранбените ракетни системи нема да станат трка во вооружувањето туку ќе го спречат ненадејниот ракетен напад. Можеби тој систем е поскап од офанзивниот, но неговата цел не е да уништува туку да ги штити човечките животи.

Меѓусебни договори

Американците на 18 септември 1967 год. го разместиле својот противракетен одбранбен систем "Sentinel", со што се потврдува дека трката во вооружувањето била мошне интензивна. По воената парада во Москва во ноември 1968 год. кога прв пат во јавноста биле прикажани руските антибалистички ракети, американците покренале иницијатива за преговори и ограничување на АБМ системите. Така и дошло до потпишување на договорите во Вашингтон и Москва познат под името SALT (1972).

Со договотот SALT секоја суперсила имала право да распореди два комплекса на антибалистички ракети на сопствената територија, но во 1974 год. со дополнителен договор антибалистичките ракетни системи биле намалени на по еден комплекс. Русите го инсталирале системот "Галош" околу Москва, а Американците својот против ракетен систем АБМ во Северна Дакота за да ги заштитат сопствените ракетни бази ICBM.

Со оглед на тоа дека договорот САТ 1 и 2 не биле ратификувани во периодот помеѓу 1972 и 1976 година, Русите на полигонот Сари Шаган извеле 55 тестови барајќи решение за подобрување на системот на одбрана во однос на американските балистички ракети.

Американците објавиле податоци дека Русите уште во 1980 год. значи три години пред донесувањето на американската одлука за програмата (СДИ), го модернизирале својот противракетен систем "Галош", односно замениле најмалку половина од застарените ракети и изградиле подземни силоси за ракети со големо забрзување SH-04 и SH-08 со подобрени перформанси за пресретнување. Подоцна кон крајот на осумдесеттите спрема американските податоци, Русите тој систем комплетно го обновиле и модернизирале.

Кога Русите ги лансирале сателитите за рано предупредување на лансирните противнички ракети во космосот целокупниот антибалистички систем е воведен во системот за рано предупредување за опасноста од непосреден напад. Подоцна сателитите добиле многу сложени задачи, односно да ги наведуваат сопствените антибалистички ракети кон противничките проектили со нуклеарни боеви глави. Тој проект постанал како пандан на американскиот "Војна на ѕвездите".

Кон крајот на осумдесеттите години Русите разместиле повеќе од 20 главни радарски системи за откривање на лансираните противнички ракети во периферијата на државата и во близина на границите. Тие системи биле во можност навремено да ги откријат лансираните офанзивни ракети на противникот, да известат на можната опасност и да ги пресметаат сите потребни пресметки и елементи околу летот на антибалистичките ракети (АБМ). Овој систем на радар од страна на Американците погрдно бил наречен Hel House, а радарите за управување на летот на антибалистичките ракети Dog House.

Радарските системи со големи можности ги сочинувале и радарите од типот "Краснојарски" и "Печора" кои биле со слични конструктивни решенија.

Кирил Синадиновски

ЧУВАР НА ЕВРОПСКОТО НЕБО

ЕУРОФАЈТЕР 2000



Наврши втората година откако по долгонајавуваната промоција на европскиот борбен ловец. Еурофајтер 2000 ја поведе својата прва битка, битка за освојување на пласман како на сопствените евро простори така и на поширокиот мулти-милитарен пазар. Одтогаш на наваму евро ловецот е чест гостин и демонстратор на актуелните аеро-митинзи ширум Европа, а наскоро можеби и вон неа. И покрај високата цена на развојната програма, недостатокот на средства и економско политички превирања кај европските партнери, уследија редуцирани но сепак респективни аранжмани, и тоа РАФ (Англија) нарача 232 летала со можност за додатни 62, Луфтвафе (Германија) најави нарачка од 180 летала, Италија 121 Еурофајтер со кои треба да се опреми пет ловечки ескадрили, додека шпанското воздухопловство смета на 87 ловци. Исто така на аеро саем Ла Бурже 97 (Франција), во рамките на програмата за модернизација на своите воздухопловни сили посебен интерес за ЕФ 2000 пројавија Обединетите Арапски Емирати.

Развојот на идниот евро ловец представува парцијално продолжување на плодната соработка помеѓу европартнерите на полето на глобалната одрбранбена политика и стратегија. Мотивирани од успешната реализација на претходниот авио-проект "Торнадо", Англија, Германија, Италија, а сега и Шпанија, образуваат здружен координационен експердски тим со седиште во Минхен (1985 г.). Како појдовна точка и основа за ЕФА послужи англискиот предлог проект АКА (Агилен Борбен Авион), во кој партиципираа Британ и Дојче Ерспејс со по 33 %, италијанската Аленија со 21 % и Каза Шпанија со 13 %, за потребите на истиот беа изработени седум прототипови. Активирање на проектот Еурофајтер 2000 следи неминовно со процесот на осовременување на воздухопловната воена компонента кај членките на програмата, која ловецот треба да ја представува идната окосница на споменативе воени воздухопловства во текот на првата четврина од следниов век.

Инаку развојот и производството на скоро сите поважни сегменти од воздухопловот се со тн. евро декларација. Имено авионот поседува труп со "патка" конфигурација и канари, изработен според најновите технолошки достигања т.е. станува збор за присуство од висок степен на композитни материјали врз база на карбонат 70 %, метални легури 15 %, напредни пластични маси 12 % и останати материјали со 3 %, додека нападните рабови се изработени од алуминиум-литиум легура.

ЕФ 2000 поседува два турбовентилаторски мотори "еуроџет" EJ 200, развиени врз структура на моторот РБ 199 од Торнадо и тоа во кооператива на Ролс-Ројс, МТУ, ФИАТ-АВИО и шпанскиот ИТП. Еуроџет-от поседува потисна моќ од 60 kH (6600 кг) односно 90 kH (10100 кг) во режим на додатно согорување, што му овозможува брзина од 2 Маха. Во основа леталото е едноседен ловец со должина од 15,96 м., висина 5,28 м., размах од 10,95 м, и вкупна површина од 50 м^2. Масата на празен авион изнесува 9750 кг, а пак максимално полетната 21000 кг. Што се однесува на авиониката и електрониката ги поседува сите современи, основни и помошни, системи од типот на електрични ХОТАС команди, МДД, ХУД, ФЛИП и др. како и новиот повеќе моден импулсно-доплерски "еурорадар" ЕЦР 90. За борба во воздухот новиот ловец може да понесе најразновиден арсенал (до 6500 кг) на девет класични како и на четири носачи втопени во трупот (намален челен отпор), истотака поседува и 27 милиметарски статичен топ "Маузер" Мк27.

И покрај деталната презентација и силниот маркетинг многу карактеристики и подобности околу Еурофајтер-от засега не се обелоденети.

Виктор Ѓорѓиевски

Eurofighter 2000

Dessins de *Julian Kobanescu*

Plans au 1/72

АЛКИБИЈАД - предавник или не

Уште во антиката било поставено прашањево, но и тогаш имало различни често спротивставени мислења. Ниту денес, кога можеме непристрасно да гледаме на настаните од антиката, не би можеле туку така да дадеме едноставен одговор - да или не.

Алкибијад како атински државник и како човек поседувал исклучителни вредности: бил многу паметен, убаво изгледал, бил одличен оратор. Успевал многу лесно на луѓето, своите планови така да им ги презентира, што тие веднаш ги прифаќале. Но, од друга страна, пак, бил многу славољубив, работел исклучиво за своите интереси, а моралот како и да го немал. Но дали само за овие негативни особини треба да се рече дека бил предавник. Дали тој не бил огорчен, обвинувањето дека токму тој е виновен за уништувањето на хермовите столбови, подготвено најверојатно од неговите политички противници во Атина. Знаејќи ги своите сограѓани, Атињаните, знаел дека ќе биде осуден. Затоа решил да побегне. Но требало ли да побегне токму кај најголемиот непријател на неговата земја во тој момент - Спарта. Бил ли принуден со години да работи против интересите на својата држава во служба кај Спартанците? Доколку до крајот на животот работел за Спарта, против Атина, сигурно дека би можел да се окарактеризира како предавник. Но бидејќи за него станува жешко во Спарта, кога тој повторно чувствува дека животот му е загрозен бега и од Спарта.Од Спарта бега токму кај нејзиниот непријател Персија. Како што успеал да се адаптира на спартанскиот живот, така успеал набрзо да се прилагоди на комфорот и блиднички, за Грците, живот во Персија, кај персискиот сатрап Тосаферн. Тука тој пак сега работи и против Спарта и против Атина. Очигледно дека тој нема ни најмало чувство на патриотизам, или барем некаква приврзаност кон нешто. Тој е голем егоист, сака да е во центарот на вниманието цело време. Не бира средства да го оствари тоа, па која и да е цената. Кога ќе му зоврие и во Персија, ќе избега и од таму. Но сега ќе се врати во родната Атина. Тој повторно ќе се издигне со воени успеси и славно е пречекан. Сепак набрзо ќе дојде време да плати за своите гревови, и тоа со животот.

Јасно е дека целиот живот успевал да ги врти на мало прсте сите околу себе. Сите фактори во тогашниот свет: Атина, Спарта и Персија. Но, во својот бурен живот создал многу непријатели, кои на крајот се разбира не му простиле.

Дејан Ацески

Карпошовото востание

Големата австро-турска војна, со своите крајно тешки последици врз стопанството на балканските земји и положбата на населението, како и со поттикнувањето на надежта на балканските народи дека најпосле настапило времето за кршење на туѓиот јарем, придонесе ајдутството да добие толку големи размери што во еден момент прерасна во востание народот од североисточниот дел на Македонија. Кога настапил тој момент, невозможно е точно да се прецизира, но се чини погрешно и залудно би било барањето некој строго определен датум за започнувањето на востанието. Сигурно е дека во текот на месец октомври 1689 година пожарот на востанието ја уриваше трошната зграда на турската власт и му носеше слобода на македонскиот народ. На чело на востанието застана искусниот и прославен ајдутски арамбаша Карпош. Главно упориште на слободната востаничка територија стана Крива Паланка, која и пред тоа претставуваше најсолидно турско утврдување во областа, изградено во 1633/34 година поради тоа што тука како што запишал современиот турски патописец Евлија Челебија "не можело да се минува од ајдутите". Друго, не помалку значајно упориште на востаниците стана тогашното мало гратче (населба) Куманово. Крај него тие изградија едно сосема ново утврдување, а изгледа дека оваа населба, поради својата ликација, станала центар на востаничката територија. Современите турски хроники и месното народно предание го титулираа Карпоша како "крал од Куманово". Таа титула наводно му ја доделил или потврдил австрискиот цар Леополд I (1657-1705), праќајќи му притоа калпак, како надворешен знак за признанието, што нема подлога бидејќи австрискиот двор во тоа време нема практично причина за таква постапка. Многу поверојатно е дека кралската титула, на Карпош му ја доделиле неговите најблиски соработници, а ја разгласиле востаниците и месното население. Власта на Карпошовите востаници се протегала и на рударскиот центар Кратово, како и на просторот Скопје-Качаник. На 22 октомври, кога во пламенот на Карпошовото востание веќе беше создадена слободна македонска територија, генерал Пиколомини се упати од Приштина кон Качаник, со намера да се пробие кон Скопје, па дури и до Солун. Качаничката тврдина Австријците ја најдоа празна, а во клисурата сретнаа и разбија 300 турски војници. Веќе на 25 октомври тие излегоа во Скопското Поле, каде што со радост ги пречека населението од околните села. Истиот ден влегоа во градот, кој беше полн со залихи од продукти за исхрана и трговски стоки, но напуштен од неговото население и турската војска. Сепак Австријците успеаа во близината на градот да убијат и заробат неколку стотици Турци и Евреи. Поради тоа што немаше доволно војници, Пиколомини реши веднаш да се повлече од овој град што со својата големина му личел на Прага. За таквото решение влијаел и фактот што токму тогаш во Скопје беснееше чумата. Не задоволувајќи се со богатиот плен Австријците при повлекувањето го запалиле Скопје. Пожарот беснеел два дена на 26 и 27.X.1689 год и го уништи најголемиот дел од градот. За овој настан наоѓаме податоци и во некои еврејски документи како и кај современиот турски историчар Силахдар. После повлекувањето од Скопје, Австријците на чело со херцогот Холштајн кој ја превзел командата од заразениот со чума Пиколомини (умрел на 9.XI.1689 год. во Призрен), извршиле уште неколку пробиви во длабината на македонската територија со цел да ја разбијат концентрацијата на непријателски сили. На 10 ноември 1689 год. пред Штип дошло до најжестокиот и најголем судир меѓу австриските и турските војски. Турците биле наполно разбиени

оставајќи зад себе 2.000 загинати. Веќе спомнатите, како недостатно проверени податоци за доделување кралска титула на Карпош од страна на австрискиот император само ги симболизираат тенденциите за таква соработка. Во секој случај и да имало соработка таа била кратка и неефикасна бидејќи австриските трупи долго не се задржале на територијата на Македонија, така да востаниците биле препуштени сами на себе. Слободниот живот на востаничката територија беше многу краткотраен, така што тешко можело да се преземе посериозен чекор за организација на власта, стопанството и сите други компоненти кои би биле основа за консолидација и натамошен развиток. Кон крајот на октомври Турците презеле мерки за консолидација на своите редови. За нов голем везир бил назначен Мустафа паша Ќупрулу - заде. Една



од првите негови мерки било решението за укинување на низа вонредни давачки (данок на вино и ракија). Паралелно со овие мерки започнале и воените подготовки против македонските востаници и австриската војска. За таа цел на помош на турските војски им пристигна кримскиот хан Селим Гирај со своите сурови татарски одреди кои ќе претставуваат ударна сила во престојните крвави судири со востаниците. Прва на удар се нашла Крива Паланка, во која се наоѓаа неколку илјади востаници. Дознавајќи за големата моќ на непријателот, востаниците ја запалиле и напуштиле К. Паланка, отстапувајќи кон Куманово. Веќе наредниот ден турските и татарските војски се појавиле пред градот. Востаниците решиле да им се спротивстават и тоа надвор од новоизградената тврдина. Настанала жестока и нерамноправна борба во која имало голем број жртви. Последен отпор востаниците дале на тврдината која била преземена на јуриш, а нејзините бранители храбро загинале. Во судирот бил заробен Карпош, заедно со поголем број свои борци. Заробениот Карпош доживеал свирепа смрт. Во Скопје, крај камениот мост на Вардар, тој бил изведен пред Селим Гирај, набиен на колец, а потоа избоден од татарските копја и фрлен во реката. Тоа се случило најдоцна во првите денови на декември 1689 год. Трагичната смрт на Карпош воедно го означи и крајот на едно од најголемите востанија што се случиле на територијата на Македонија.



Сашко Стојчевски

Тоа што сум

По долго талкање
- Се вратив.
Го најдов своето јас
Длабоко во мене.
Точка во универзумот
што е беззначајна
но во момент забележана.
Како молња што се појавува,
а вечно останува.
И кога најмалку ќе се надевам
и кога најмалку ќе мислам
без време
ќе се врати.
Ништо не можам да забележам
но чувствувам.
Мир што ми ја успокојува душата
и ми го брише минатото.
Изминат пат
на кој не треба да помислам
а не и да одам повторно по него.

Мануела Накова

Шепотот на срцето

Доста е! Застани!
Не оди повеќе по тој пат.
Зар не гледаш ли,
таму е светот на пропаста
на се што те сопнува,
светот на сите сомнежи, јадови,
завист и разорување.
Зошто не приметуваш
што е тоа што те привлекува
во самоуништувањето.
Зошто не разликуваш?
Таму кај што тргна
не е патот за кој што мислиш дека е.
Освести с! Врати ја вербата во себе.
Послушај го срцето и ќе видиш
дека патот кон среќата е во тебе.

Даниела Крстевска

За тебе љубов моја далечна

Некаде таму делеку во реалноста
постоиш љубов моја.
Некаде, опколен од сеќавањата
сигурно ги вдахнуваш моите
импулси.
Постоиш без мене, како и јас без
тебе.
Сета моја нежност би ти ја пратила
кога би знаела како.
Се за тебе љубов моја.
Се би дала само за миг да те допрам,
а потоа ако сакаш исчезни,
но секогаш остани тука,
тука, во мислите мои.
Да, се за тебе љубов моја.
А сега слатко ми сонувај
љубов моја.
Нека ведрината од лицето
не ти ја украде утринската роса.
Остани таков каков
што те знам.
Да, се за тебе љубов моја
д а л е ч н а.

Билјана Анакиева

Само да знаеше...

Не ќе те оставев далеку од мене
да ти кажев колку љубов
имаше во моето срце.
Заминав без да знаеш,
но љубовта моја не се промени.
Сеуште си покрај мене,
иако не си.
Сеуште те гледам
а не те допирам.
Сеуште мислам дека сум таму
а знам дека сум тука.
Реалноста и имагинацијата
ме излудуваат.

Билјана Анакиева

Ден

Деновите
течат како река,
исто како солзи
и тоа за тебе
што немаш душа.
Го кинеш времето
како лист од големата книга
и го фрлаш во темната јама.
Мојот ден е на тој лист,
полека старее
и паѓа во очај.
Се будам
и стојам во аголот на собата.
Бел ден среде бел лист,
чист како солза.
Солта бела од солзата
стана прав на ноќта.
Го гледам листот
на покривот од куќата
го земам
и разгледувам.
Се чудам...
Каде ми помина тој ден,
а сега е закрпен
со бело парче ткаенина
и светлина
кое оди по телото и душата
Го скрив
во дното на темната кутија
и оттаму веќе нема да го извадам.

Мерсида Јуковиќ

РЕДАКЦИЈАТА НА ВНАТРЕШЕН ПАТНИК И СЕ ИЗВИНУВА НА ПЕРСИДА МИТРУШЕВСКА, ЗАТОА ШТО ВО ПРЕТХОДНИОТ БРОЈ НА НЕЈЗИНАТА ПОЕМА СО НАСЛОВ "ЗА ТЕБЕ МЛАДИНО" БЕШЕ ПОТПИШАНА КАКО АВТОР "СТЕЛА ПИЈАНМАНОВА".

Игра
Занемуваат
полноќните шумолења,
а јас сакам уште малку
да се восхитувам на
хармонијата која причинува
спокој, трепет да го допрам
звукот на недостижноста.
Играта продолжува,
а насмевките се губат
во постојаните отварања
на капаците на разумот.
Продај ме
на темнината во која
ѓаволските бројки
го добиваат своето значение.
Јас само сакам
секунда од твоето постоење.
Каква е оваа агонија?
Моите раце се
немоќни за да ги
завртат страниците на кои се
испишуваат зборовите на кој
веќе не им верувам.
Не те допирам.
Не верувам.
Шумолење повторно
но сега
хармоничноста е исткаена
со сомнеж дека
љубовта е капка,
а заборавот толку долг.

Лидија Станковска

Балконот на сеќавањата
Времето одвлекло се.
Денот се повлекол,
сите убави нешта,
останува само ноќта,
само репродукцијата на спомените.
Само таа темнина
која го поматува
умот со волшепствата.
Далеку од дома,
далеку од животот,
Сама, препуштена на злото.
Газам по нечија туѓа земја,
пијам нечија туѓа вода.
Дишам туѓ воздух,
како да живеам
во туѓа земја
на крајот на светот,
во нечија туѓа вселена
каде пропаѓам,
и не наоѓам ништо човечко.

Б. Анакиева

Пламен
Пламен гледам, во пламен горам
знам уште ќе живеам
Пламенот се шири
а јас мирно стојам и чекам
Горам во пламен без крик,
без страв.
Не давајте да се разгори пламенот
спречете го и заминете.
И ве молам
не прашувајте
како ми е.

Мерсида Јуковиќ

Далечна
Во срцето чувствувам празнина
но не за прв пат.
Го немам биоритамот во себе.
Ми недостига двигателот на
животта.
Погодуваш - љубовта нели?
Сега е толку далечна
а сеуште и го слушам
отчукувањето на срцето.
Иако оддалечена со километри
топлинските бранови допираат
како плима.
А осеката лакомо ги собира на
полноќ.
Си недостигаме.
Но тоа е тоа. Далечината.
Но како и секогаш пак ќе се вратам
и ќе исчезнат сите празнини,
како порано,
како да не биле.
Повторно ќе бидеме тие што се
сакаме.
Ми недостигаш љубов моја далечна.

Билјана Анакиева

Одблесок
Никогаш неможат зборовите
да ја доловат вечноста
претворена во мали мигови.
А што може да е животот....
Јама со недогледни
длабнатини од каде и
ехото го губи својот смисол.
А каде ли оди
моето "јас"
А како назад од оваа
празнина.
Прашајте.....
И ќе бидете вчудовидени
од она што умот не може
да го дофати.
Вечноста на малите мигови.

Лидија Станковска

ПРЕСВРТНИЦА ВО СРЕДОЗЕМЈЕТО
БРИТАНСКАТА ПОБЕДА КАЈ ЕЛ-АЛАМЕЈН



Откако ја прими командата над британската 8-ма армија генерал Монтмонгомери, превзел големи мерки да ја пополни со луѓе, наоружување и опрема, и да ја припреми за одлучувачка офанзива. Користејќи го подобрувањето на општата ситуација во Средоземјето, доаѓањето на американските тенкови, и застојот на германските операции кај Ел-Аламејн, британската 8-ма армија во средината на октомври 1942 година била добро пополнета. Имала 7 пешадиски и 3 тенковски дивизии, 2 пешадиски и 2 тенковски бригади - вкупно 165.000 војници, 1200 тенкови и 3000 топови. За поддршка од воздухот одредена е воздухопловна армија со 1500 авиони. Британската Средоземна флота чии бази биле во Хаифа и Порт Саид, била составена од еден борбен брод, еден носач на авиони, 7 крстарици, 19 разурнувачи и 27 подморници. При крајот на септември 1942 ситуацијата на германско-италијанската Тенковска армија кај Ел-Аламејн била многу лоша. Британската авијација и подморниците од Малта со зголемено темпо ги потопувале конвоите кои од Италија пловеле за Либија. Во октомври кога започна британската офанзива, снабдувањето на основните сили во северна Африка станало критично бидејќи Британците потопиле 44 проценти од упатениот материјал. Така овие сили имале недостиг од нафта, муниција, вода, храна и други потреби. Во таква една ситуација германско-италијанската Тенковска армија имала повеќе дивизии била двојно послаба и тешко можела да ги брани утврдените положби кај Ел-Аламејн. Во меѓувреме британските командоси, специјално извежбани и припремени за делување во пустина, извршиле неколку храбри напади на пристаништата и бази Тобрук, Бенгази, и оазите Ѓало и Барка. Бидејќи германско-италијанските положби кај Ел-Аламејн биле јако утврдени и заштитени со длабок појас на мински полиња (500.000 мини), генерал Монтгомери одлучил да ги придобие со засилен деснокрилен 30 пешадиски корпус, а 10 тенковски тенковски корпус бил позади него. На нападот претходела повеќедневна подготовка, во која помоќната британска авијација уништила 30 непријателски авиони и така обезбедила превласт во воздухот. Користејќи го полниот месец, британските пешадиски дивизии, со заштита на својата артилерија пред полноќ на 23. октомври извршиле силен напад, поминувајќи над 2 премина кои инжинерските сили ги направиле во минските полиња. Низ премините поминале и тенковите на 10 корпус одбивајќи го противнападот на германската тенковска дивизија. По Хитлерова наредба болниот фелдмаршал Ромел на 25 октомври се вратил во Африка да ја прими командата на главните сили. Но, ни овој прославен командант и истакнат стручњак за операции на тенковските единици во непрегледните пустини на Африка не успеал да ја поправи критичната ситуација на својата армија. Пробојот бил извршен на 2. ноември. Германските и италијанските тенковски дивизии останале без бензин. Ромел на 3. ноември и покрај Хитлеровата забрана, наредил повлекување на своите дивизии. Фрлајќи го тешкото наоружување и опрема, оставајќи ги ракетите на жешкиот пустински песок, италијанските дивизии во паника бегале на запад. Британските тенковски и моторизирани единици го искористиле бегството на Италијаните, па на 4. ноември превзеле општо следење. Биле уништени четири италијански дивизии. Другиот ден стигнало Хитлеровото одобрување за повлекување, но ова одобрение стигнало многу доцна бидејќи било изложено на чести напади на британската авијација, тенкови и командоси. Битката кај Ел-Аламејн била прва британска победа во втората светска војна. Оваа битка претставува пресвртница во Средоземјето. Во тешките борби кои 12 дена се водени под најнеповолни временски и теренски услови, Германците и Италијаните претрпеле многу тешки загуби: 55.000 војници (што претставува во проценти) и 450 тенкови (90%), како и огромни количини на друг материјал. Британците изгубиле 13.500 војници (9%) и 500 тенкови (40%).

Сашко Стојчевски

КАРАКТЕРОТ НА ИСТОРИЈАТА НА ВИЕТНАМ

Историјата на Виетнам е исполнета со многу тешки борби на виетнамскиот народ за својот национален опстанок и независност. Војната, особено во XX век, во полн сјај на најголемо зло на човештвото, го вгнездува ужасот во секојдневието на виетнамскиот човек, оставајќи притоа длабоки траги во неговото опстојување во светот со кој управува посилниот. Сепак, со натчовечка, храбра и непоколеблива борба против нехуманата, груба и сурова агресија на две големи светски сили (Франција и САД), виетнамскиот народ ја остварува исконската желба за живот во слободна земја, која бездруго ја заслужува.

Историјата на Виетнам, како еден од најпроучуваните сегменти на најновата светска историја предизвикува сеопшт интерес кај историчарите, насочен кон нејзиното доразветлување, и посовршено интерпретирање на читателската јавност. Ваквото интересирање го спречува затскривањето зад маглата на заборавот, на една од најпотресните епопеи, исплетена од човечкото его, а од друга страна, создава јасна слика на апсурдната војна, како огледало на човековото самоуништување низ историјата.

Како антипод на освојувачката, се јавува борбата за слобода, која не воведува во едно сосема издиференцирано сфаќање, во чија кауза се наоѓа одбраната на достоинството, честа, идентитетот и секако, - правдата. Со улогата носител на ослободителната борба, виетнамскиот народ привлекува кон себе, несомнено, заслужен пиетет, добивајќи со тоа на извесен начин (иако и несоодветен), сатисфакција за сизифовската трагедија во која запаѓа.

Виетнамскиот народ, во борбата, дава многу човечки жртви, со чија крв се испишани оние страници на историјата, кои претставуваат најверно сведоштво за (не)совеста на човештвото. Тешката и макотрпна историја на виетнамскиот народ е невозможно да се спореди со историјата на некој друг народ. Неможноста за споредба доаѓа од таму, што овој народ е жртва само на агресии од големите сили: Кина, Франција, Јапонија, повторно Франција и на крајот на најжестоката, во режија на САД.

Успехот на виетнамската ослободителна борба, значи големо охрабрување и потстрек за народите кои се подготвени да ја бранат својата национална независност и општествен поредок. Таа борба, во светот ги зацврстила и проширила верувањата и сознанијата за можностите на отпорот кон агресијата, во современи услови.

Со оглед на сево ова, неминовен е заклучокот, дека огромното внимание кое и се посветува на историјата на Виетнам во потполност соодветствува на заслугите на народот на оваа азиска земја.

Денес, Виетнам како социјалистичка република е една од најсиромашните азиски држави и секако се поставува прашањето: дали се исплати ослободителната војна, дали вредеше за слободата да се дадат многуте човечки жртви. На прагот на XXI век, останува констатацијата дека со светот управува посилниот.

Оливер Стојоски

ТЕГОБИ??? Што е тоа? ФОБИЈА???

Очигледно е дека тегобите постојат кај сите од нас. Но што се тоа тегоби? Што ја предизвикува? Не можеме едноставно да ги разбереме.

Секој кој седел на испит, водел важен разговор, полагал возачки испит или држел јавен говор знае се за тегобите. Тоа е она познато чувство на страв и загриженост, често пропратено со треперење на рацете, а кај осетливите личности дури и проливи. Скоро на сите ова им се случува. Тегобата е нормална реакција на стресна ситуација. Тоа е телесен одговор на стрес. Кога се наоѓаме во ваква состојба нашето тело произведува адреналин (хормон) што се лачи во крвотокот од две мали жлезди сместени над бубрегот т.е. од надбубрежните жлезди.

Адреналинот помага да се дојде до состојба на спремност, за борба. Неговото влијание е големо врз мускулите.

Што ќе се случи со нас ако наидеме на некоја опасност, на пр. не нападне куче. Одеднаш ќе почувствуваме сила и брзина за кои и самите не сме свесни. Тоа е нормална реакција. Но денешните стресови се често прикриваат.

Ако чувствуваме телесни промени и без очигледен притисок и опасност, и тогаш кога другите луѓе не чувствуваат, тогаш тегобите постојат во нас. Состојби на тегоби предизвикуваат и следните ситуации, повремен притисок на градите, главоболка, треперење на рацете, или додека сме во друштво се појави потреба за плачење. Сигурно нешто слично на сите ни се случило. Но тогаш не сме во состојба да сватиме што се со нас случува, и заклучуваме дека нешто не е во ред со нашите нерви.

Фобијата наједноставно кажано претставува појава на знаци на тегоба во посебни прилики кои за повеќето луѓе не се стресни т.е. чувствуваат страв од ништо. Знаците можат да се предизвикани од авион, кино, крв, војна, шопинг и.т.н. Кај некои луѓе фобија постои од висина, од средба со куче или мачка, агорафобија т.е. фобија од отворен простор или пак клаустрофобија т.е. фобија од затворен простор и какви уште не наједноставни фобии како на пример страв од безопасен пајак. Скоро секој има по некоја фобија. Скоро никој не се чуди на сцената, качена жена на стол опфатена од стравот од глушецот.

Но кај фобичните личности телесните знаци се појавуваат само во одредени околности. Кај личности со тегоби, тие се присутни често во поголема или помала мера, а во одредени прилики и се зајакнуваат. Состојбата може да се влоши при одењето на шопинг или при патување. Најчесто овие две наклонетости (фобијата и тегобата) ги наследуваме од своите родители.

Билјана Анакиева

ВИСТИНАТА ЗА КОМПЛЕКСИТЕ

"Ние немаме комплекси, туку тие не имаат нас"
К.Г. Јунг

За компкексите многу се зборувало, се зборува и ќе се зборува. Не ретко слушаме - "Остави го искомплексиран е", "има комплекси", или "немој на мене да си ги лечиш комплексите". Со еден збор, поимот комплекс е крилатица која често ја употребуваме кога сакаме да посочиме нечија душевна болка, емоционална тегоба, неразрешен конфликт, чувство на вина и немоќ и што уште не.

Меѓутоа, малку од нас знаат што навистина претставува комплексот, од каде доаѓа, како се дефинира и сл. Имено, со овој поим мислителите се занимавале уште од пододамна. Познати се во науката интересирањата на Лајбниц, Кант, Шелинг, Карус, Хартман и др. Но, овој психолошки феномен, во рафинирана, психолошка смисла најактивно го проучувал швајцарскиот психолог Карл Густав Јунг.

Интересно е што и покрај исцрпните теориско-научни истражувања не се дошло до којзнае какви веродостојни и длабоки сознанија во оваа насока. Се случило токму спротивното. Јунг, сосема случајно преку својот познат асоцијативен тест, изложувајќи им случаен след на зборови на своите испитаници, практично дошол до откровението.

Всушност, изложувајќи им ги зборовите - дразби на испитаниците увидел дека кај одредени зборови се јавува отпор при давањето одговор, или пак се давале "префинети", "добри", артифицијални одговори. Тоа значи дека "незгодниот" збор допрел до интимните, несвесните и исконските делови на душата, предизвикувајќи одбрана, со која всушност се сака да се прикријат непријатните чувства и состојби.

Токму со ова сфаќање Јунг ги удрил темелите на поимот Комплекс, разбирајќи ја неговата суштина. А, што е во суштината? Основата и препознатливоста на комплексот е во неговата независност од целовитоста на душата. Тој во некоја рака со сета своја посебна констелираност, претставува парцијална душа, отцепена и засебна реалност. Токму во таа независност лежи силата на комплексот. Токму тоа го прави толку ирационален и бизарен, непредвидлив и несвесен, толку длабок и драматичен.

Според Јунг, пак комплексите се збир од слики, претстави, идеи, кои се собрани околу едно јадро што во основата го носи неговиот поим - Архетип.

Значи, комплексот поседува разорна моќ. Тој влијае врз нашиот душевен живот. Го обликува однесувањето и создава широк опсег на негативни емоции, анксиозност и неподнослива тегобност.

Интересно и впечатливо е што комплексот секогаш е интензивно афективно обоен и драматичен. Тој започнува од едно јадро, а потоа се проширува зафаќајќи многу аспекти од животот и создавајќи засебна целина што е во спротивност со идентитетот и целокупноста.

Најчесто, комплексот се појавува при доживеана траума, емотивен шок, а особено при егзистирање на интензивен, внатрешен морален конфликт. При екстремни психоневротични и психотични случаи, доаѓа до преплавување на свеста од комплексно - несвесната целина, и настанува т.н. идентитет на комплекот или архаично кажано опседнатост.

Оттука доаѓа и очигледната нерационалност, оттука и неадаптираноста и хиперсензитивноста на се она што и оддалеку допира до комплексното јадро. Комплексот е посилен доколку е несвесен. Што поголема свесност, тоа помала моќ на комплекот. Поради тоа честопати е неопходен квалитетен психотераписки процес.

Сето наведено укажува дека комплексите не се ни малку наивни и минорни негативни психопатолошки феномени, туку опасни душевни парцијалности кои ни го отежнуваат животот, поради што и Јунг вели: "Ние не ги поседуваме нив, туку тие нас"!

Мирослав Пендароски

СИМПТОМИ на вознемиреност



Се чувствувате лошо, вознемирено и се наоѓате во состојба што ве плаши. Сето ова влијае на вашиот целокупен живот, го менува вашето однесување во друштво и ви пречи во живеењето. Затоа оваа состојба ја мразите а се мразите и самите себе си, зашто се мачите. Може ли оваа состојба да се сведе на збир од различни телесни симптоми? Одговорот е негативен, поради тоа што различни луѓе различно реагираат на тегобите, иако секоја тегоба е збир од симптоми.

Следниот пат кога ќе се чувствувате лошо, направете ја следната вежба. Мирно седнете и размислувајте за себе. Заземете најпогодна положба на телото, а можете да ги затворете и очите. Опуштете ги вашите мускули и обидете се да размислете што не е во ред со вас. Одговарајте си на прашањата: Дали мускулите ви се напнати уште? Ве болат ли вратните мускули и мускулите на нозете? Чувствувате ли вртоглавица? Се потите ли? Дали ви е мачно во желудникот?

Штом ќе утврдите зошто така се чувствувате ќе бидете посмирени и поопуштени зашто она што ни е познато секогаш е помалку страшно од непознатото.

Најчести симптоми се следните мускулна напнатост, главоболка, болки, претеран замор, треперење на рацете, вртоглавица, лупање на срцето, проливи, вознемирен желудник, тешкотии со учењето, тешкотии со голтањето, плачливост, тешкотии со мокрачниот меур, напад на паника, страв од симптоми и др. Но никогаш не се јавуваат сите заедно.

Мускулната напнатост е скоро најчест симптом, и е присутен скоро на сите мускули. Може да не боли вилицата кога се будиме зашто за време на сонот сме ја стискале, на дланката да имаме отпечатоци од нокти. Понекогаш чувствуваме напнатост и како целото лице да не боли, и стега, и ќе стане крута маска која не допушта насмевнување. Ако се обидеме да се насмееме ќе почувствуваме како лицето да ни пука.

Главоболката настанува поради оптегнувањето на вратните мускули. Вратот се вкочанува и кожата на главата ќе се напне и чувствувајќи притисок во главата. Болка чувствуваме често зад очите. Може да и се спротивставите со притискање на палците на вратот. Ќе видите дека и тие мускули се болни на допир, но масажата може да ги опушти.

Болка можете да чувствувате во било кој дел на телото. Прекумерното лачење на адреналинот не делува само на стегањето на мускулите туку може да доведе и до нивно грчење, кое е многу болно.

Претераниот замор е многу присутен. Можете да се чувствувате уморно ако сте навистина исцрпени. Можеби сте спиеле цела ноќ, а да не се одморите добро, па како ќе се чувствувате? Мускулите ќе ви останат напнати цел ден, и не се изненадувајте од трајниот замор, зарем е можно да се чувствувате поинаку?

Треперење на рацете се појавува кога некој не набљудува или ако мораме да извршиме сложена задача. Но тоа е пречка. Многу е незгодно кога не можеме да го држиме филџанот. Тоа ја зголемува мускулатурната напнатост.

Вртоглавицата е најнепогодна и најчест симптом на тегобност. Дава чувство на несигурност, изгубеност и се чувствувате непријатно заради губењето на свеста. Се чувствуваме како тоа да не сме ние; Обидете се да ги масирате вратните мускули и напијте се неколку аспирини. Не се плашете од занесувањето на една страна. Тешкотиите се создаваат од стравот од вртоглавицата а не од самата вртоглавица.

Лупање на срцето е присутно кај луѓе кои чувствуваат тегоби, а понекогаш можно е и да "префрли". Понекогаш тоа работи забрзано потоа при забавувањето се јавува празнина во отчукувањето. Оваа појава е предизвикана од непосредното дејство на адреналинот на срцето. Лупањето на срцето не може да ви наштети иако го доживувате како пречка. Но не грижете се, со вашето срце е се во ред.

Вознемиреният желудник предизвикува вишок на киселина. Желудечните мускули се претерано стегнати, се јавува тешкотија а понекогаш и потреба за повраќање. Се работи за претерана телесна реакција на надворешни дразби.

Тешкотии со дишењето. Понекогаш ни се случува да не можеме до крај да вдишеме воздух. Ова изгледа доаѓа од стегањето на мускулите меѓу ребрата. Ова се јавува повремено, во незгодни ситуации.

Во стресна ситуација се појавуваат и тешкотии со голтањето. Ви се чини дека постојано морате да голтате. Се чувствувате како да се угушувате.

Плачењето може да се појави од депресија - да плачете зашто сте натажени; Во некои ситуации обично не плачете, но самата помисла дека сте на работ на плачењето може исто така да претставува пречка. Се јавува кога мускулите на лицете се затегнати.

При **напад на паника** срцето почнува забрзано да чука, ве фаќа вртоглавица и се потите. Почнувате да се "тресете" Ви недостасува воздух, и смртно сте уплашени. Тоа е ненадејна појава. Само кога би можеле мирно да застанете и да се опуштите. Нападот брзо поминува.

Страв од симптомите е тој што го онеспособува човекот а не самиот симптом. Луѓето со тегоби се телесно исто здрави како другите, и подеднакво долго живеат, што значи дека тие симптоми не можат да му нанесат сериозна штета. Тегобата или фобијата не мора да делува на телото.

Ако овие симптоми не можат да ве загрозат зошто да се плашите од нив? Сега е време да се спријателите со тегобата и не дозволувајте и да завладее со вашиот живот.

Билјана Анакиева

ЗЛОУПОТРЕБУВАЊЕ НА ХИПНОЗАТА И СУГЕСТИЈАТА

Иако хипнозата се применува во терапијата, подобрувањето на психичките и физичките способности, во експерименталната психологија и парапсихологија исто така таа може и да се злоупотреби. Најблаг вид на злоупотреба на хипнозата може да биде естрадна хипноза ако ја изведува морално непроверен хипнотизер.

Примена на хипнозата во криминологијата

Хипнозата може да се применува во криминологијата но од практични причини тоа не се користи. Хипнотизмот не се користи бидејќи предрасудите против хипнозата и нејзината употреба е многу голема, па било кој суд може да го отфрли случајот ако се докаже на судот дека полицијата се обидела да употреби хипноза во доказната постапка.

Хипнозата може да се злоупотреби и во разни измами, кражби, ограбување, а во одредени случаи и во извршување на физички напад и убиство.

Криминалот во врска со хипнозата може да се разгледува од две страни: првата е неможноста хипнотизираниот субјект да биде наведен од страна на хипнотизерот да изврши криминален акт, а другата е можноста хипнотизерот да изведе илегален акт против хипнотизираниот субјект. Меѓутоа овие две можности во секојдневниот живот се ретки.

Примена на хипнозата во војната

Во поново време хипнозата зазема постојана растечка улога во психолошките аспекти на војната. На пример еден добар субјект може да биде хипнотизиран да ја предаде доверливата информација. Помнењето на овој вид на пораки може да биде покриено со еден вид на амнезија. Ако би бил заробен, тој, природно не би можел да се сети дали воопшто му била дадена порака. Тој не може да ја запамети пораката.

Хипнозата исто така користена била за да се извлече информација од заробениците. Личноста која што е во лесен сон не е тешко да се хипнотизира. Постхипнотичката сугестија може да му биде дадена на субјектот при што ќе украде лажни воени планови, и при тоа се добива лажна информација за непријателот.

Примена на хипнозата во политиката

Од античко време па до денес во политиката се применуваат различни видови на хипноза и сугестија. Голем број политичари со својата сугестивна хипнотичка моќ влијаеле на своите соработници. Овде може да се зборува за т.н. будна хипноза каде што кај хипнотизираните личности нема најмал знак на поспаност, иако хипнозата може да биде значително длабока. Има личности кои лесно потклекнуваат на овој вид на хипноза кои и во будна состојба можат да бидат под влијание на хипнотизерот. Меѓутоа, многу се ретки хипнотизерите кои во првиот контакт без вербална сугестија можат да ја извршат овој вид на хипноза над субјектот. Пример за овој вид хипноза е Хитлер кој со своите говори сугестивно делувал на луѓето.

Мануела Накова

СОНОТ, ОДРАЗ НА...



Најпотполн облик на одмарање е спиењето. При спиење доаѓа до обновување на организмот. Измореният организам при спиење се брани од потполна исцрпеност. За време на спиењето физиолошките и психичките функции на организмот стануваат послаби и побавни. Организмот не реагира на многу надворешни дразби, а и целокупната душевна активност е намалена. Ваквото опуштање на организмот во текот на спиењето дава можност за посебна психичка активност, за јавување на сонот.

Живоста на соновите во кои визуелните слики ги доживуваме како реални, може да се објасни со тоа што одредени делови на мозочната кора се малку активни, па интензитетот на оние делови кои се возбудени е голем.

Необичноста на соновите се објаснува со тоа што при сонување нема строга мисловна насоченост, па симболите со кои оперираме се јавуваат слободно.

Бесмисленоста на соновите според некои истражувачи е само привидна. Во соновите постои некоја смисла, и тие не се случајно и едноставно врзување на претставите. Затоа за нив може да се зборува како еден вид на имагинативно мислење. Соновите имаат улога на чувари на спиењето. Еден од обидите за објаснување на соновите го дава познатиот основач на психоанализата Фројд. Според него ние во соновите ги задоволуваме своите желби. Но сепак тешко е да се прифати дека соновите претставуваат секогаш исполнување на желбите. Има многу сонови во кои доживуваме страв или тегоба. Па се мисли дека во соновите ние ги обновуваме изминатите доживувања. Соновите најчесто се предизвикани од доживувањата кои останале за нас нејасни, и неизживеани. Сликите што ги имаме во соновите се средства со кои тежиме она што не ни е јасно да го објасниме. Според Фројд смислата на соновите ќе ја откриеме т.е. разбереме ако го откриеме значењето на механизмот што го користиме во сонот.

Утврдено е дека соновите не траат долго. Понекогаш траат неколку десетини секунди или помалку. Соновите богати со содржина можат да траат околу десет секунди. Но сепак постојат индивидуални разлики во бројот на јавувањето на соновите, а има и личности кои значително ретко сонуваат.

Мануела Накова

ПОВЕЛБА НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА НА СВЕТОТ "МЕЃАШИ"

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Децата се посебен народ. Децата не се национални и верски војсководители. Тие се еден народ кој никогаш не извел револуција или контрареволуција, ниту пак повел војна. Децата не се ни класно ни национално прашање: децата се прашање над сите прашања. Тие се народ кој најмногу страда во воените судири и човековите трагедии.

ДЕЦАТА СЕ САМО ДЕЦА. "СИТЕ ИДЕАЛИ НА СВЕТОТ ПОБЕЗНАЧАЈНИ СЕ ОД СОЛЗИТЕ НА ЕДНО ДЕТЕ".

Првата Детска Земја на Светот "Меѓаши" во целост им припаѓа на децата и на возрасните кои ја прифаќаат оваа Повелба.

Првата Амбасада на Децата во Светот "Меѓаши" - Македонија ја претставува, застапува и штити. Првата Детска Земја во Светот "Меѓаши" - Македонија. Првата Детска Амбасада во Светот формира и ги претставува и другите слободни детски територии во светот. Амбасадата ги има следните објекти: Паркот на континентите, Улица на тишината, Патека на добрината, Улица на детето, Улица на смеата, Меморијалот "Рането Детство", Детска опсерваторија, Слаткиот пат, Цветната патека, изградба на Светски детски град, Детски културни центри, Детските информативни центри, Детски ликовни студија и др.

Иако најмала и најмлада земја на светот, Детската земја не се брани со војска, полиција и царина. Нејзината територија се прогласува за слободна и отворена за целиот свет. Детската земја нема граници бидејќи: "каде започнува светот со граници, таму престанува детството".

Основна задача на Првата Амбасада на децата во Светот е заштита на децата и нивните права. Амбасадата посебно се занимава со заштита на децата во време на воени конфликти (спасување, згрижување и дестинирање на деца бегалци во земји во кои не се води војна), спречување на појавите на злоупотреба на децата во сексуални, економски и политички цели, верска неслога и национални судири. Слободната детска територија не признава никакви тајни освен тајните на природата и тајните што ги открива науката. Затоа на децата најголеми сојузници им се хуманистите, научниците, културните пратеници, медицинските работници, спортските активности и сите кои ги сакаат децата. Во детската земја ќе се негува само љубов и знаење бидејќи нејзин најголем противник е омразата и незнаењето.

Први граѓани на Детската земја се: Децата амбасадори и Децата конзули - Детскиот дипломатски кор.

Првата Светска Амбасада на Децата "Меѓаши" - Македонија има свои симболи (знаме, грб, химна и маскота).

Идејата, името (Прва Детска Амбасада на Светот) и маскотата "Бушавко" се заштитени во Министерството за развој на Република Македонија - Завод за заштита на индустриска сопственост (жиг бр. 863, 864 и 865/94).

Во случај на губење на статусот на Детските територии и гаснење на Првата Детска Амбасада на Светот "Меѓаши" во Македонија името ќе припадне на ООН односно на УНИЦЕФ.

Е. Б.

АЛКОХОЛИЗМОТ НАРКОМАНИЈАТА ПУШЕЊЕТО КАЈ МЛАДИТЕ

Современото општество го карактеризира динамичниот развиток, натпреварувачкиот менталитет, потрошувачкиот дух, брзото напуштање на старите и создавање на нови, не секогаш позитивни навики. Природата го создала човекот да се движи со шест километри на час.

Ние возиме со 120км/ч и пак доцниме. Со фрустрациите, стресот и напнатоста веќе одамна сме на ТИ. Напрегнатоста е се поблиску до анксиозноста, апатијата до депресијата, непријатноста до фобичноста. Тоа се тешко поднесливи состојби во кои недоволно силните, емотивно лабилните несигурните и тешко прилагодливите личности бараат олеснување втопувајќи се во широкиот спектар на психофармаколошки средства.

Се помалку се јавуваме за стручна помош и се почесто индивидуално "дијагностицираме" и "ординираме". Оваа појава е многу засилена кај младата генерација. Младите неможејќи да се снајдат во проблематичната животна средина, оптоварени со чувство на несигурност посегнуваат за цигарата, иглата, но и за чашката, која доведува до пријатност, но со текот на времето стануваат посетители на психичкото подземје.

Утврдено е дека алкохолот, во количината што голем дел од нашите современици го ужива е отров деструктивен за човековата енергија, а со тоа и за целото општество. АЛКОХОЛОТ Е ТЕЧНОСТ ШТО ГО МАМИ ЧОВЕКОТ, со тоа што не го штеди ниту еден дел од човековиот организам. Го оштетува срцето (70%), желудникот (45%), црниот дроб (50%), бубрезите (64%), полните жлезди (85%) итн.

Алкохолот е подмолен уривач на човековото здравје, динамит по нашиот организам, разорувач на човековата душа, миска, ум и човековото творештво.

Зборот АЛКОХОЛ во буквален превод на арапскиот збор "ALKOHOL" значи нешто драгоцено и убаво, нешто ретко и најдобро, но и "пече".

Луѓето многу одамна, забележале дека кај некои плодови, особено кај овошјето по долго стоење го променувало изгледот и вкусот и од нив истекувала течност со карактеристични својства. Илјада години подоцна по заслуга на Луј Пастер, се открило дека тој процес настанува под дејство на мали габички. Пробајќи го дејството на овие пијачки, луѓето ги барале и на нив се навикнувале. Свесно започнале да ги приготвуваат од разни овошја и плодови и како краен резултат настанал алкохолот.

Под зборот алкохол, денес подразбираме заедничко име за хемиските соединенија кои спаѓаат во големата група на алифатични соединенија, а заедничка особина им е што во својата структура ја имаат хидроксилната група ОН, а најпознати состојки се метил алкохол и етил алкохол.

Алкохоличар е секое лице што употребува алкохол во количини достапни да ја оштетат неговата работоспособност или да предизвикаат тешкотии во неговите професионални, социјални, економски односи; при што страда тој и семејството или личноста која прекумерно и подолго време консумира алкохолни пијалоци, а воедно неговата зависност од алкохолот е толкава да покажува оштетување на телесното и душевното здравје како и на неговото социјално однесување.

Алкохолизмот е општо име за болеста од кои страдаат сите оние лица кои се нарекуваат алкохоличари. Алкохолизмот е тешко и масовно заболување, со многу здравствени, социјални и др. негативни последици. Алкохолизмот е болест која започнува подмолно, тивко и полека напредува.

(продолжува)

Е.Б.

Патување во минатото:

СЕДУМТЕ СВЕТСКИ ЧУДА

Пред 2000 години Старите Грци преставувале голем народ кој постојано патувал и се интересирал за целиот свет. Тие биле туристи кои со задоволство ги посетувале знаменитостите. Во тоа време постоеле седум знаменитости кој бил магичен број во грчката митологија. За овие знаменитости се верувало дека се најубави и најчудни во светот поради што со текот на времето се преименувани во "седум светски чуда" од кои денес може да се посети само Кеопсовата пирамида во Гиза, а другите исчезнале во текот на мрачната историја.

Големата кеопсова пирамида: Подигната е на стеновита подлога во пустинскиот песок. Таа речиси 5000 години била најголема градба во светот, а и денес се малку оние кои ја надминуваат. Нејзината градба претставувала џиновски потфат: околу 100.000 работници биле ангажирани за кршење на камења и блокови и ги пренесувале со сплавови по течението на Нил, а уште 10.000 робови биле ангажирани околу подигањето на тие блокови кои тежеле и по 2,5 тони. Кеопсовата пирамида била висока 140 метри, со основа долга 69 метри, Големата пирамида содржи преку 2 милиони блока кои формираат "џиновски скали до небото" за владетелот Кеопс, закопан длабоко во нејзината внатрешност. Во Египет постојат уште многу други пирамиди, но сите тие се значително помали.

Висечките градини: Во VII век п.н.е. Вавилонскиот крал Набукодоносор се оженил со една девојка по име Семирамида. Приказната зборува дека на оваа жена постепено и досадила едноличноста на пространата рамнина Вавилон, па кралот да ја усреќи решил да и изгради еден терасест храм. Ѕидарите подигнале моќни ѕидови високи од 20-90 метри, долги 120 м. со степенести тераси, палати, водопади и градини полни со дрвја и цвеќе. Градителите набавиле и плодна земја и машини за пумпање вода од Еуфрат. Бујните дрва и цвеќиња ги засенувале терасите па се чинело дека тие висат во воздух. Оваа градба мора да била преубава слика во сред пустина и големо задоволство за Семирамида.



Кипот на Зевс: Во Олимпија едно од најпознатите светилишта на античкиот свет, Гркот Фидија во 450 г. п.н.е. направил џиновска статуа на богот Зевс за неговиот храм. Масивната фигура од 12 метри била поставена на престол од кедрово дрво украсено со ликови од сите грчки богови. Главата и истакнатите делови од телото биле прикриени со илјада парчиња од слонова коска, очите биле од светкави дијаманти, а косата и брадата биле направени од чисто злато. Статуата претставувала предмет на чудење и обожавање. Употребата на овој храм престанала во времето на продорот на христијанството, кипот бил ограбен, а целиот храм подоцна бил разрушен во земјотресите.

Храмот на Артемида: Народот од градот Ефес, во Мала Азија ја обожавал Артемида па уште во VIII век п.н.е. и подигнале мало светилиште. Скромниот храм е повремено прошируван, се додека во 356 г. п.н.е. не го запалил Херострат. Во таа ноќ, во време на пожарот роден е во Александрија човекот кој ќе го измени светот: Александар Велики. Кога тој имал 22 години решил повторно да го подигне овој храм. Градителот Хирократ од парски мермер направил пространо светилиште со кипот на божицата Артемида. Тој постанал еден вид музеј, со најубави грчки слики и скулптури. После само стотина години го запалиле и уништиле Готите, а урнатините ги проголтало мочуриштето.



Маузолејот во Халикарнас: Кога во 353 г. п.н.е. умрел Маузол, кралот на Карија, неговата неутешна сопруга одлучила за посмртните останки изгради достоен споменик. Него го граделе грчките скулптори и архитекти Сатир и Питиос која ја продолжиле градбата и тогаш кога Артемизија (сопругата на Маузол) умрела. Точно не се знае како изгледал маузолејот, но се смета дека бил висок 40 метри, на неговиот врв се наоѓала кочија со четири коња во која стоеле киповите на кралот и кралицата. Луѓето доаѓале од целиот свет да се восхитуваат на белата убавина на маузолејот и да се сеќаваат на кралот. Споменикот после 1000 г. бил уништен од земјотрес.

Колосот од Родос: Островот Родос во Егејското море имал значајна улога во трговијата на античкиот свет. Познатиот војсководец Деметрие пробал од 305-304 п.н.е. со помош на моќните машини го освои островот но во тоа не успеал. Во 250 г. п.н.е. грчкиот кипар Харос добил задача во слава на оваа одбрана на островот, да подигне голема бронзена статуа на богот на сонцето. Џиновската фигура била градена 12 години и била висока 30 метра и имала маса од околу 20 тони. Била сместена на влезот на пристаништето и можела да се види на далечина од повеќе километри. Таа била уништена во земјотресот после 10 години и 900 години лежела во парчиња, за да потоа Арапите на околу 1000 камили ја пренеле во Сирија.

Светилникот на Фарос: Кога Александар го подигнал градот што подоцна по него ќе го добие и името, го поврзал со насипот од блискиот остров Фарос. Околу 280 г. п.н.е. египетскиот крал Птоломеј II на источната страна од островот изградил коцкаста зграда и на неа го сместил "фенерот" во кој постојано горел оган. Зградата висока меѓу 120 и 150 метри преку ден служела како ориентир, а ноќе светлината на огнот ги предупредувала бродовите на оддалеченост до 60-тина километри. Дел од него бил уништен во 796 г. од силен земјотрес, а од остатокот во XV век била изградена тврдина, која и денес постои.

Дејан Доневски





Создавањето на светот и првите луѓе (Битие гл. 1-2)

Според учењето на светата Црква само Бог е вечен, а се друго е создадено во времето од Него. Значи, светот има свој почеток. За ова ни зборува и светата Библија во нејзината прва книга, наречена Битие.

Во првиот стих од првата глава на оваа книга читаме: "Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата."

Пред овој акт ништо не постоело, освен вечниот Бог. Тој, без принуда, а доброволно, преку Својот Збор, од ништо го создал прво невидливиот, Духовниот, а потоа - видливиот, материјалниот свет.

Под духовен свет црковните писатели ги разбираат ангелите. Овие биле создадени од Бога сите добри, но отпосле еден од нив повлекол и други со себе. Сите тие ангели што отпаднале од Бога наречени се лоши духови или ѓаволи. Оттогаш натаму, нивната цел е да прават се што е лошо и да внесуваат безредие насекаде. Тие одамна би го разрушиле светов кога би имале таква власт и сила.

Добрите ангели останале послушни на Бога и затоа постојано се во Неговата близина и го слават Неговото Величие. Тие се извршители на Божјата света волја. Светите Ангели содејствуваат да напредува доброто и да се одржат редот и хармонијата, создадени од Бога.

Материјалниот, видливиот свет е создаден подоцна, но не одеднаш, а постапно во шест дена.

Првиот ден Бог рекол да биде светлина и така станало; светлината се одделила од темнината.

Во вториот ден е создаден небескиот свод или воздухот.

Преку третиот ден Бог ја одделил водата од сушата и така настанале извори, потоци, реки и морија, а од земјата изникнале разни трнови, растенија и дрвја.

Четвртиот ден се создадени небеските светила: сонцето, месечината и ѕвездите.

Во петтиот ден Бог ги создал рибите и птиците, па ги благословил да се плодат и да се множат.

Во шестиот ден се создадени разни животни на земјата, а на крајот Бог ги создал и првите луѓе.

Седмиот ден Бог го определил за одмор. Ова нешто останало во практика и до ден-денеска: по секое важно дело да има и одмор.

По својата безгранична мудрост Бог прво ги создал потребните услови, па најпосле го создал и човекот, како единствено разумно и слободно суштество на земјата.

Според светата Библија првиот човек е создаден на посебен начин. Од земјата Бог го направил неговото тело, а потоа му вдахнал разумна и бесмртна душа. Не по телесната, а по својата духовна природа човекот прилега на Бога; тој е лика и прилика Божја (образ и подобие). Од сите земни створови единствено нему му е вдахната бесмртна душа и дадени му се духовни сили: разум, слободна волја и чувство. Даденото од Бога човекот е должен да го развива и усовршува така што да стане не ист, а сличен на Бога по своето духовно совршенство. Во таа смисла треба да се разбира изразот "подобие" (прилика), т.е. Богоуподување на човекот.

Првиот човек, Адам, живеел во таков убав предел, каде што имало се потребно за живот. Тој немал други задолженија, освен да се грижи за одржувањето на редот во природата. Нему му била поверена целата природа и тој се радувал на - Божјата убавина. Само една забрана имало за него, а таа е: да не јаде од дрвото за познавање на доброто и злото.

Надарен од Бога со мудрост, Адам господарел над природата и им дал име на сите созданија на земјата. Но, меѓу нив тој не нашол сличен на себеси што ќе му биде придружник и соработник. Тогаш и Самиот Бог рекол дека не е добро за човекот да биде сам, па од реброто на Адама ја создал и првата жена, наречена Ева, кое име значи живот.

Првите луѓе биле создадени за радост и среќа. Тие не знаеле за болки и страдање. Кај нив немало страв од смрт, бидејќи постоело дрвото на животот. Наоѓајќи се во близината на својот творител - Бога, Адам и Ева секогаш имале душевен мир и испитувале неискажливо духовно блаженство. Така тие живееле во рајот се до нивното паѓање во грев.

Ние, христијаните, треба со срце да веруваме и со уста да исповедуваме дека Едниот Бог во Три лица, по Својот Збор, го создал светот, без да се изедначи со него. Бог останува неизменет макар што е насекаде и се исполнува.

Прародителскиот грев и последиците од него (Битие гл. 3)

Се додека не паднале во грев нашите прародители живееле во потполна хармонија со Бога со природата и со самите себе. Тие искрено го сакале својот творител и доброволно ја исполнувале Неговата света волја. Целата природа им бола потчинета, па дури и сверовите им се покорувале и ги слушале. Кај пр-

вите луѓе меѓу нивното тело и душа немало никакво противречија. На овој ред и хармонија што владеел во човековата околина, се радувало се живо. Само не се радувал оној што не можел да љуби и чии стрели отровници биле насочени против се што е убаво и добро, па и против блажениот живот на Адам и Ева.

Така завидливецот - ѓаволот, преправен во змија, ја завел Ева сама и ја заговорил, велејќи и: "Вистина ли дека Бог рекол да не јадете плодови од ниедно дрво во рајот"?

- Не е вистина, одговорила Ева, ние јадеме од плодовите на сите дрвја, само не од дрвото за познавање на доброто и злото, зошто во кој час ќе каснеме од него веднаш ќе умреме.

Иако лукавиот - ѓаволот знаел како гласи точно забраната, сепак прашал и ја изопачувал вистината, за да го задржи вниманието на Ева и да го продолжи разговорот. Понатаму, тој истапува отворено против Бога и се служи со своето најсилно оружје - лагата, па зборува преку змијата:

- Не, нема да умрете, туку Бог знае дека штом ќе вкусите од плодовите на тоа дрво вам ќе ви се отворат очите, вие ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што - зло.

На Ева многу соблазнително делувале овие зборови, така што таа со желба погледнала на забранетиот плод и тој и се видел многу привлечен. Па без да помисли на заповедта Божја и на последиците од нејзиното прекршување, таа каснала од плодот, а потоа му дала да касне и на мажа си.

Нечистивиот ја постигнал својата злонамерна цел; ги прелагал нашите прародители и тие паднале во грев, престапувајќи ја Божјата заповед.

Адам и Ева веднаш ја сетиле измената што уследила кај нив. Место љубов кон Бога, сега чувствувале страв од Него. Го загубиле душевното спокојство, а нивниот разум веќе не расудувал правилно. Од порано тие знаеле дека Бог се гледа па сепак се обиделе да се сокријат, сметајќи дека Господ нема да ги види.

Тогаш се чул глас од Бога: "Адаме, каде си?" Тресејќи се од страв Адам срамежливо одговорил: "Тука сум Господи. Бидејќи сум гол се сокрив."

Како невините деца, така и Адам, пред паѓањето во грев, не се срамувал од својата природа. Кога дошол до "сознание", тогаш почнал да се срамува, бидејќи веќе не бил она што и порано.

Бог се гледа и се знае. Тој знаел дека првите луѓе згрешиле, но пак прашал: "Кој ти рече дека си гол? Да не си јадел од забранетиот плод?"

Овие зборови звучеле како родителска опомена со цел да го предрасположат Адама на каење, но тој, место да се кае и да бара прошка почнал да се оправдува, префрлувајќи ја вината на Ева. Бог и неа ја прашал зошто го направила тоа, а таа се оправдувала велејќи" "Змијата ме прелага и каснав".

Искрено каење е лек против гревот, но нашите прародители не го искористиле за свое духовно оздравување. Тие место да се покајат, почнале да се оправдуваат и вината на други да ја префрлуваат, макар што заповедта им била добро позната и јасна. Поради ова била изречена справедлива Божја пресуда на сите учесници во гревот.

Прво била проколната змијата, а преку неа и ѓаволот со Зборовите "Семето на жената ќе ти ја сотре главата (I Мој 3,15), се однесуваат на клеветникот - ѓавол, а воедно го изразуваат и Божјото ветување дека ќе испрати Спасител, роден од жена, Кој ќе ја уништи силата на ѓаволот и ќе ги спаси луѓето од гревот. Ова ветување на Бога со векови ја поддржало надежта на душите на грешните луѓе, очекувајќи Го Спасителот на светот.

На Ева Бог и рекол дека со болка ќе ги раѓа своите чеда, а на Адама - дека со пот на челото понатаму ќе го заработува својот леб.

Потоа, првите луѓе биле истерани од рајот. Оттогаш тие преку целиот свој живот тагувале за изгубеното блаженство, т.е. поради неможноста да бидат во непосредна близина на Бога.

Адам и Ева немале мир во душата. Меѓу нивното тело и душа започнало борба. Душата тежнеела кон својот Извор - Бога, но телото влечело кон земјата. Болките и страдањата биле постојано присутни. Стравот од смртта не им давал мир.

Последиците од првиот грев се чувствувале не само кај човекот, туку и во целата природа. Земјата била проколната. Животните станале непокорни, а некои од нив и опасни за човекот.

Гревот оставил печат не само на Адам и Ева, туку и на нивното потомство. Под името првороден грев тој се пренесува од поколение на поколение. Од овој грев ние се ослободуваме преку светото крштевање, но не сме слободни и од неговите последици. Имено, нашата природа е наклонета кон зло и затоа постојано не следат страдања, а и од смртта никој од нас не е поштеден.

Сепак, не треба да очајуваме. Иако нашите дарби се помрачени, сепак човекот не изгубил можност да прави избор меѓу добро и зло. Исто така, совеста не ја изгубила сосема способноста да го разликува доброто од злото. Со благодетните средства што ни ги дал Господ Исус Христос ние можеме да се бориме против гревот и да го победуваме. А кога ќе згрешиме, тогаш искрено да се каеме, сознавајќи дека нема грев што може да ја надмине Божјата милост.

извори: Свето писмо БИБЛИЈА(Стар завет)

Кирил Синадиновски

ВО СВЕТОТ НА ПОРОЦИТЕ

Жената - пороците

Сегашноста во која живееме изобилува со еден широк спектар на "пороци" кои стануваат составен дел од скицата на секојдневниот живот: дрога, убиства, алкохолизам, проституција, хомосексуалност, национализам, шовинизам, феминизам, хазардни игри, разводи, малолетничка проституција, наркоманија..... Се почесто се соочуваме со распаѓање на некои историски и етнички вредности и сведоци сме на воспоставување некои нови. Сексуалната револуција донесе една нова генерација на која вредностите на семејството, моногамијата, моралните кодекси се "робување" на предрасудите и ограничувањето на слободата на изборот. Порано жената била на некој начин изолирана поради обврските кон семејството и должноста кон поколението кое го одгледувала. Стравот од изолацијата на брачниот конзервативизам стравот од монотоноста и губењето на слободата не се ништо друго, туку еден суетен страв да не се биде нешто вообичаено т.е. нешто минливо, што е во исто време неспособност да се спознае духовната димензија на љубовта. Во името на слободата т.е. од стравот на осаменоста се бега во реалноста на модерните илузии, доаѓајќи лесно до лажната духовност на дрогата и нејзината способност да ве направи посебни. Феноменот што толку млади девојки стануваат зависни од дрога, го објаснува постоењето на една многу подлабока причина. Со еманципацијата, жената влегува на животната сцена како активна и силна во борбата за добивка и го презема приматот во создавањето на јавниот и културниот живот. Таа храбро се втурна низ вратата која најчесто ја пречекоруваа мажите, но исто така таа "падна" во понорите на искушенија и пороците кои исто така најчесто ги опседнува мажите. Брзото и современото живеење, отуѓеноста и осаменоста придонесоа жената која мораше да се соочи со сопствениот пораз и неуспех да наоѓа излаз и спас таму каде што најчесто го нема.

Жени - алкохоличарки, жени - наркоманки кои се подложени на специјални третмани за лечење од зависност има исто толку колку и мажи. Дали жената е потисната на втор план, за очите на јавната свест, (поради овие проблематики) или сепак жената е помалку присутна во областа на пороците како што се алкохолот и дрогата?

Дали е поретка појавата на жената - алкохоличарка која изгубено се клати по улиците поради моралноста т.е. осудувања кои би ја спречиле да биде изложена пред очите на луѓето? Жените кои се изложени на внатрешното распаѓање на личноста, биле "жигосувани" и најцрно осудувани од јавноста. Во денешни времиња појавата на пијана или "стонирана" жена е се почеста и е помалку "соблазнителна" и осудувана. Достоинството на женската личност веќе не е потребно кога истата ќе биде преобразена во машкиот свет - рамноправна. Секој би се согласил дека е многу понепријатна и потешко поднослива глетка на пијана или издрогирана жена или девојка, отколку маж. Зад овој став лежи повеќеилјадагодишна тајна, тајната на "системот на меѓучовечките односи", системот на животот и природата. Не станува збор повеќе за предрасуди, туку за една сосема подлабока вистина која за жал е прекриена од модерните градби на новиот начин на живеење. Светот на пороците е широко отворен и патот кон нив е достапен за секого, и за разлика од порано многу брзо и лесно се доаѓа до мистеријата на "слободата". Неретко имаме прилика да се соочиме со девојки - малолетнички кои го поседуваат искуството на кошмарниот свет на изгубени илузии, кои се вовлечени во светот на

дрогата или алкохолот. "Стилот на губитник кој наоѓа спас во бегството од "бесмисленият живот е клише по кое се создава утопија за модерниот човек. "Бегството" од самиот себе е најневозможната работа која најчесто завршува кобно, со тотално губење на самиот себеси. Жената која бега од самата себе, од својата природа е соочена со најтешкото искушение, да стане нешто што едноставно не е. Преземање на улога каде жената во животните сфери е подеднаква со мажот, значи соочување со сопствен внатрешен судир, конфликт. Еманципацијата е во хуманистички рамки, но некои факти од животното искуство упатуваат на истовремената појава на крајно нехуманистички резултати.

Проблемот започнува со самото поставување на работите т.е. односот маж - жена. Сето тоа повлекува една друга суштинска проблематика како што е: институцијата - семејството како основна клетка на општествениот живот. Дали се случајни совпаѓањето кај оние личности кои им робуваат на проституцијата, алкохолизмот и дрогата кај кои најчесто претходи лошо детство или поточно кажано несредено семејство? Дали тука важи поговорката: "Татковците јадеа кисело грозје, а на децата им трнат забите?" Меѓу редови можеме да ја препознаеме поставеноста на работите кои предизвикуваат грешки во целокупниот социјален систем. Распаѓањето на структурата на основниот код во материјалниот и духовниот систем на животот, поточно бракот, или неговото потиснување резултира во: анархија, распаѓање, оттуѓеност и деструктивност. Жената - наркоманка, жената - алкохоличарка не мора да потекнува од семејство со растурена конструкција, таа може едноставно само да му се приклучи на сеопштиот "тренд" бегање од сопствената природа или како што го нарековме прифаќање на социјалниот изум "Губитник", под шифрата "бегство" дошла до "сознание" дека животот нема смисла и веднаш потоа ја наоѓа истата, или во алкохолот или во дрогата не е важно. Осаменоста која ги опседнува луѓето во модерниот и урбан живот ги носи пред уште поголема "осаменост" т.е. во светот на илузиите каде не си принуден да бидеш во самиот себеси туку го губиш и тоа. Жената која е соочена со осаменоста, неприфатеноста, измачувањата од страна на лошиот партнер или сопруг лесно се фаќа за чашата, посегнува по дрогата за да исплива од матната реалност во чистата изгубеност. Пардон "опуштеност".

Најдобриот и најсолиден изговор е дека станува збор за "слобода" или "ослободување". Ослободувањето или опуштањето се симболизирани изговори за исконската потреба да се пронајдеш самиот себеси во мир и љубов, но овојпат се отпловува на спротивната страна. Недостатокот на љубов или губење на способноста истата да се почувствува, се основните проблеми кои ја носат жената (а и мажот) во светот на "кобните" пороци. Неможноста да се реализира како жената која бара и наоѓа љубов и заштита, губењето на смислата на постоењето и предавањето на ударите од животот како нешто нужно, ја оптеретуваат нежната и сентиментална природа на жената и ја преобразуваат во нешто чудно, нешто тешко објасниво. Тогаш се прифаќа играта на мажите, копнеж кон самоостварување и бескрупулозна борба за самодокажување каде едноставно се доаѓа до еден крстопат кој ја принудува да одбере помеѓу себе и својата природа или да биде тоа што не може да биде. Сепак постојат и успешни и остварени жени, кои истовремено можат да бидат и жени и да создаваат и градат кариера, но тие се исклучителни примероци. Жената која не успева да се пронајде себеси станува изгубена очајнички бара спас во средствата за заматување на свеста, како : алкохолот или дрогата што во денешните времиња е се почеста појава.

Јасминка Димитрова

Мистерија наречена Зомби

Една од оние мистерии кои предизвикуваат голем интерес кај сите кои се интересираат за мистериозни појави, е секако мистеријата поврзана со живите мртовци - т.н. Зомби. Приказната за нив воопшто не е нова, и не потекнува како што многумина сметаат од американските хорор филмови, туку од праксата која порано била користена во Република Хаити, за која овој феномен најчесто се врзува. Како почеток а ова излагање ќе го наведам само параграфот 249 од Кривичниот закон на Република Хаити, кој гласи:

"Како извршител на убиство исто така ќе се смета секој кој против некое лице ќе употреби супстанца, кои иако не предизвикуваат смрт, доведуваат до пократко или подолг летаргичен сон. Погребувањето на личност на која и е дадена ваква супстанција исто така ќе биде третирано како убиство, без оглед на неговите последици..."

А за тоа дека феноменот на зомби се задржал до денешни дни, сведочи и информацијата на новинската агенција "Авас" од Хаити од пред само десетина години, во која се вели дека била откопана 58-годишната Катрин Буа, која претходно дури 43 дена "била мртва"! Сведоците велат дека изгледот на лицето на оваа несреќна жена во моментот кога излегла од гробот бил толку стравичен што ги надминал и најголемите мајстори на шминката во Холивуд чија задача е да го доловат вистинскиот изглед кој треба да биде пренесен на филмското платно. Кога го спомнувам филмот, еден од најдобрите филмови во овој фах е веројатно филмот "Змија и виножито", вистинска приказна за Narcisse Clairvius, кој 16 години проживеал како зомби. Филмот е снимен

според истоимената книга на етноботаничарот Wade Davis, кој детално го опишува овој случај.

"Случајот на Clarvius Narcisse се чинеше уверлив", пишува Дејвис, затоа што тој е прогласен за мртов во американската болница "Albert Schweitzer". Бил примен затоа што се жалел на треска и болка во телото. Умрел два дена подоцна, на 2 мај 1962."

А потоа еден сончев ден во пролетта 1980 год. еден странец се појавил на пазарот во градот L'Estere , чекорејќи тешко и со празен поглед. Селаните го посматрале преплашено додека и приоѓал на една жена, Angelina Narcisse. Таа го слушаше додека и се претставуваше, а потоа преплашено крикна - препознавајќи го. Тоа беше нејзиниот брат, погребан пред 18 години!

Човекот подоцна изјавил како се сеќава на членовите на семејството кои плачеле покрај неговиот одар, но и како е подоцна повикан од гробот со довикување по име со пеење и звуци на тапани. Откако е извлечен од гробот почнал да работи како роб на една плантажа на шеќер. На крај нашол засолниште на една клиника на психологот од Хаити Lamarque Douyon, кој веќе долго време се интересира за феноменот наречен зомби.

Самиот збор зомби на креолски означува дух, но исто така има и значење на "оживеан мртовец" или "разбуден труп". Според верувањето на хаитските домородци, зомби е мртов човек кого вуду свештеникот т.н. бокор, со својата натприродна магична моќ го оживеал и подигнал од гробот. Благодарејќи му на тајниот ритуал, бокорот го прави зомбито свој роб, кој во се слепо го слуша. Според Вуду, религијата која се темели на верување во пророкнувања, моќта на магиите и фетишите, над оваа појава владее т.н. божествена змија, татко на водопадот чија сопруга е виножитото. Оваа слика ја доловува и слапот Saut d'Eau, култ место на следбениците на вуду на Хаити, кого го симболизираат токму змијата и виножитото.

Научниците, нормално, одамна сгатиле дека вистината за зомбите многу се разликува од вообичаената: зомбите се нормално, живи луѓе кои никогаш не умреле. Но тоа не значи дека успеале да ја решат и самата мистерија на зомбите, односно механизмите на нивното "умртвување" и "оживување", иако тоа доста долго се обидуваат да го сторат. Така на пр. уште на почетокот на овој век англискиот научник Steyning запишал:

"Зомби е тело без душа, кое не мисли и нема сетила, но со тајни напитоци може да се оспособи за механичко вегетирање".

Одговарајќи на прашањето како се станува Зомби, овој научник истакнал: "Оние кои ја знаат тајната на напитокот, ги откопуваат луѓето кои не се мртви туку само обземени од напитокот, им даваат противотрови и често се служат со овие автомати за да направат некое злодело, а самите остануваат во позадина."

Од купиштата стари записи кои опишуваа случаи на зомбоизам, ќе го наведам само првиот преку кој со оваа појава е запозната европската јавност. Холанѓанецот Хармензон Преториус во 1872 год., во патописниот извештај од Карипските острови, пишува дека зомби, човек чиј што нервен систем е тешко оштетен од дроги, може лесно да се препознае по "полуидиотскиот израз на лицето, по непрекинатото неразбирливо мрморење и по тоа што при одењето ги влече нозете". Преториус го бележи и стравот на жителите на Хаити од вуду-свештениците, за кои веруваат дека можат со маѓија да ги подигнат мртовците од гробот и да ги направат свои робови над кои имаат апсолутна контрола и власт. Затоа настојуваат за време на животот да бидат во добри односи со свештеникот и никако да не му се замерат. Кога некој ќе умре, често покрај неговата смртна постела се изведуваат обреди кои би требало покојникот да го заштитат од зла магија...

Англискиот патописец и етнограф Frank Hustler во својата книга "Крстарење низ Западна Индија" исто така го регистрира постоењето на зомби:

"Ќерката на еден угледен министер од Port-au-Prince умрела во 1924. Погребана е со големи почести. Шест години потоа преку некој свештеник се дознало дека девојката живее на другиот, зафрлениот дел на островот како зомби. Татко ѝ веднаш организирал експедиција и ја нашол ќерката, полудена и подивена, и живеела со некој постар човек на кого му родила три деца. Истрагата е почната од градските гробишта, каде е откопан ковчегот во кој девојката била погребана. Комисијата утврдила дека коските во ковчегот, меѓутоа му припаѓаат на некој маж, на кого морале да му ги скршат нозете затоа што ковчегот на девојката бил прекус за него. Човекот кој живеел со жената-зомби, рекол дека оваа ја купил пред неколку години, но никако не сакал да го идентификува продавачот. Истрагата сепак не е спроведена до крај, бидејќи овој човек, сопственикот на несреќната жена, после неколку дена на необјаснив начин умрел".

Францускиот De Voisen на феноменот на зомбите им ја посветува капиталната студија "Зомби или тајната на живите мртовци", која во 1946 год. ја издава француското психолошко друштво. Откако се поврзал со лекарот од Хаити Артур Холи, кој прв фотографирал некој зомби, Де Воисен ја дознал судбината на оваа жртва. Една девојка е закопана, но веќе следната ноќ ја ископал некој човек и ја пробудил од состојбата во која се наоѓала, со намера сексуално да ја искористува.

Меѓутоа случајот е откриен и девојката е пратена во САД на лекување, кое нормално останало без резултати. Жртвата сосема го изгубила разумот, така што и храната ја земала како животно.

Кој денеска го контролира процесот на зомбификација? Wade Davis, гореспоменатиот етноботаничар смета дека за тоа се одговорни тајните хаитски здруженија кои водат потекло од востаничките робовски организации од 18 век. Тие здруженија, смета Дејвис, им судат на членовите на заедницата. Дејвис смета дека зомбификацијата во денешно време е многу ретка, иако признава дека не знае колку всушност е раширена.

Интересно е верувањето дека меѓу членовите на злосторничката полиција на поранешниот хаитски диктатор Frensis Duvalier имало и голем број на зомби. Полицајците неверојатно послушно и ладнокрвно ги изведувале сите насилства над населението, така што помеѓу народот се проширило уверување дека претседателот свесно се служи со овие зомби за да ја зацврсти својата диктатура.

Најголемата мистерија поврзана со зомбите е секако онаа која се однесува на волшебниот напиток кој има толку необични својства.

Wade Davis, со помош на некои свештеници на Вуду запознал и неколку гатачи за кои смета дека ја познаваат напивката која ги претвора луѓето во зомби. Тие му дозволиле да ја следи нивната работа, и му дале дури и примероци за поопстојна анализа.

А состојките биле како од прирачник на средновековна вештерка: два штотуку убиени гуштери, голема крастава жаба, отровната риба четворозаба гушавица - сето ова испечено, некои растенија, сомелен врв од човечка коленица и полујагленисани човечки коски, кои потекнуваат од ископани лешеви...

Подоцна Дејвис добил состојки и од други гатачи. На сите им била заедничка состојка рибата четворозаба гушавица, која содржи еден од најсилните отрови ***тетрадотоксин*** чие својство е да го блокира автономниот нервен систем кој влијае на основните телесни функции, предизвикувајќи парализа и успорувајќи го дишењето, така што жртвата, наизглед мртва, може да поживее уште неколку часа. Големата умешност на гатачите - бокори е во тоа да пронајдат доза која човек ќе го умртви, но не и убие. Дејвис смета дека гатачите на овој отров гледаат како на помошно средство, додека според нив она што е решавачко е магијата. Според тоа, човекот не го прави зомби отровот, туку бокорот кој му ја заробува душата! Нормално е дека се работи за сосема спротивното.

Ни механизмот на оживувањето на зомбите не е потполно демистификуван. Др. Lamarque Douyon, кој веќе дваесет и пет години го истражува зомбизмот и неговиот колега Дејвис слушнале приказни за ритуалот од гробиштата каде бокорот удира во земјата и ја буди жртвата, но ниту еден од нив не успеал ниту еднаш да присуствува на еден ваков ритуал. Дејвис дознава дека во церемонијата на воскреснување бокорот употребува ***датура***, халуциногено средство кое се добива од растението наречено "зомбиева краставица". Зомбите потоа ги одведуваат во дрогирана состојба, и се раскажува дека сетилата им се толку пореметени што и "најмалиот поток изгледа како непрегледно море, а очите како да им се извртени" - како што изјавува Clairvius Narcisse, во филмот "Змија и виножито".

Интересен е и ефектот на тетрадотоксинот, кој блокирајќи го автономниот нервен систем влијае и на основните животни функции на телото. "Тоа е ужасно чувство ако сте при свест, бидејќи не можете да мрднете. Сигурно не ви е потребно ни многу кислород...објаснува David Perry, американски неурофармаколог, нагласувајќи дека тоа значајно ги смалува потребите на организмот.

Но, ни ова не ја објаснува задоволително мистеријата на зомбите. Делувањето на тетрадотоксинот и рокот трае неколку часа, а Clairvius Narcisse како зомби живеел цели 18 години. А се разбира, не е единствениот кој толку долго живеел како зомби. Научниците од универзитетот Харвард предупредуваат дека во напитокот е пронајдена многу мала количина на тетрадотоксин, чие делување и така не е доволно испитано.

Дејвис во сето тоа предупредува и на "социјалниот" аспект на проблемот, спомнувајќи ги траумите поради погребување на жив човек и сознанието за изолираност од општеството во кое практично до вчера бил активен член.

Предупредува уште и на фактот дека досега е потполно познато делувањето на само еден процент тропски растенија, па и овде е можно да се најдат некои нови откритија кои можеби ќе помогнат да се демистифицираат некои мистерии врзани за светот на зомбите. Меѓу другото, можеби по некое време тетрадотоксинот ќе најде своја примена во официјалната медицина како лек против некои болести?

Зашто, не треба да се заборави дека жителите на некои тропски предели имаат откриено некои особини на некои растенија на кои современата наука не им е ни близу.

Приказната за зомбите така го чека својот крај.

Научниците се уверени дека наскоро треба да го демистифицираат целосно проблемот. Нам, засега, ни останува само да се надеваме дека ќе успеат.

Миланчо Миленкоски

ЧОВЕКОТ СО ЖЕЛЕЗНАТА МАСКА



Една ладна ноемвриска ноќ, во далечната 1703 година, маскираниот затвореник на Бастија после одржаната миса се вратил во својата ќелија, жалејќи се дека не се чувствува добро, легнал на креветот и умрел. Ова се случило толку бргу, што воопшто немало време ни за благослов.

Веднаш се преземени сите неопходни мерки неговиот идентитет, кој се чувал во тајност од сите освен од неколку луѓе, цели 30 години, никогаш да не се открие. Сиот мебел и предмети кои ги употребувал се веднаш спалени или претопени. Ѕидовите од неговата ќелија се остругани и варосани. Сите површини се исчистени поради можноста да сакал да остави некоја порака на идните поколенија. Дури и подните плочки биле сосема заменети, а неговата облека и лични предмети биле целосно изгорени.

По наредба на Луј XIV лицето на затвореникот било покриено со маска за целото време додека бил во затвор. Му се заканиле дека ќе го убијат доколку се обиде да ја симне, да открие било што во врска со себе или да побегне.

Легендите за него се проширила најпрво низ Франција, а подоцна и низ целиот свет. Осамениот затвореник ја разбудувал фантазијата на современиците и како најзагадочна личност на своето време наречен е "Човекот со железната маска".

Поради тоа што многу малку се знаело за него, или можеби затоа што бил затворан во најсигурните француски затвори, гласините за него се ширеле како пожар. Некои сметале дека е откриено дека затвореникот е вонбрачен син на кралската куќа кој толку личи на Луј XIV што неговото лице не смее никогаш да биде видено. Изнесена е и теорија според која и самиот крал Луј XIV е вонбрачно дете, а дека затвореникот е вистинскиот крал. Според други гласини, затвореникот бил брат близнак на кралот кој е затворен за да биде зачувана славата на "Кралот Сонце".

Преземени се строги мерки никој никогаш да не го види лицето под маската. Затвореникот секогаш бил под присмотра на истиот старател, М. де Сен Мара, кој се селел заедно со него од затвор до затвор. Било строго забрането да се меша со другите затвореници, а неговите чувари имале задолжение да го убијат веднаш ако се обиде да разговара за што и да е друго освен за своите потреби. Неговото име не се бележело во затворските документи и никогаш не се користело ни во директното обраќање, ни во службените допишувања. Во службената кореспонденција бил забележан како "затвореникот кој ми го противте" или, подоцна, "стариот затвореник".

И покрај овие строги услови, затвореникот во секој друг поглед е сметан за важна личност. Кралот и неговите министри редовно се информирале за неговото здравје. Неговата храна. облека и мебел биле квалитетни, ги имал сите права на вистински католик и секогаш со него е постапувано со учтивотс.

Лекарот на кој му е дозволено да го лечи, а кој морал да му го прегледа грлото без симнување на маската, вели: "Имаше исклучителна градба. Тенот му беше темен, а гласот пријатен".

Единствените податоци за неговиот изглед потекнуваат од времето кога на неговиот старател М. де Сен Мара му е наредено да го префрли од островот Света Маргерита, каде претходно бил затворен, во Бастија. На патот за Париз, старателот застанал во својот дворец во близината на Вилнев и мештаните го здогледале маскираниот затвореник. Се зборувало дека бил висок,

добро граден и со седа коса. Додека вечерал со де Сен Мара, слугите забележале дека неговиот старател седи наспроти својот затвореник со два пиштола покрај чинијата.

Се раскажувало дека правнукот на Луј XIV и негов наследник Луј XVI кога му ја раскажале вистината за затвореникот, изјавил: "Да е сеуште жив, би му дал слобода". Но, очигледно, тајната не е откриена. Луј XVI, во желба да ја задоволи радозналоста на својата сопруга Марија Антоанета, залудно ги пребарувал кралските архиви.

Првите пишани податоци за затвореникот биле достапни во 1761 год. кога се објавени дневниците на Етјен ди Жонка, поручник кој работел во Бастија. Тој во 1698 год. забележал: "Во четврток, на 18 септември, во три часот после пладне, М. де Сен Мара, заповедникот на тврдината Бастија, прв пат се појавил по своето командување на островот Света Маргерита. Го водел затвореникот кого порано го држел во Пињерол, кој постојано морал да биде маскиран и чие име не се споменувало..."

Пет години подоцна, Ди Жонка ја забележал смртта на затвореникот, тврдејќи дека е погребан следниот ден, во вторник на 20 ноември, на гробиштата Сен Пол под лажното име Маркиоли.

Ди Жонка единствен тврдел дека затвореникот е "секогаш маскиран со маска од црн сомот". Останатите извори опишуваат маска од железо, засилена со челик, снабдена со челични федери за да може затвореникот да јаде. Според овие подоцнежни описи, Александар Дима го напишал својот роман "Човекот со железната маска" - но сепак Етјен ди Жонка бил единствен очевидец.

Се до Француската револуција за мистериозниот затвореник се знаело многу малку. Во еден момент сите мислеле дека се работи за човекот по име Матиоли, пратеник на војводата од Мантова, кој го измамил кралот Луј XIV и е затворен под контрола на Сен Мара. Во оваа теорија се верувало и поради тоа што името Маркиоли е француска верзија на италијанското име Матиоли. Подоцна оваа теорија е отфрлена.

Со револуцијата се јавуваат и првите траги. Кога архивите на Военото Министерство дошле на ред за средување, утврдено е дека се во хаос. После повеќегодишно средување и испитување се појавил голем број на писма кои ги разменувале Министерството, Маркиз Де Лувоа и М. де Сен Мара.

Кон крајот на јули 1669 год. кога се смета дека затвореникот првпат е затворен, Сен Мара ја примил последната порака од маркизот Лувоа: "Кралот ми нареди човекот по име Јусташ Дагер да го испратам во Пињерол. Од најголема важност е да биде сигурно чуван и ни во кој случај да не раскажува за себе или да пишува писма на било кој. Вие лично еднаш дневно ќе се погрижите тој бедник да добие доволно храна и не смеете да му дозволите да раскажува било што, дури и под закана дека веднаш ќе го убиете ако ја отвори устата и проговори за нешто друго освен за своите потреби".

Писмата од кралот лично зборуваат за тоа дека е тој незадоволен од однесувањето на човекот по име Јусташ Дагер. Кралот сакал да го држи "во добар и сигурен затвор, спречувајќи го да му се обраќа на кого било, со зборови или писмено".

Останатите писма даваат поединости за неговото заробеништво и точно се подударааат со она што се знае за заробеникот под маската.

Кој бил Јусташ Дагер? Долго не можел да му се најде никаква трага. Најпосле некој пронашол дека така се вика еден поручник во кралската гарда. Тоа не се забележало веднаш, затоа што неговата фамилија била позната под името Кавој, како што се викал нивниот имот во Пикардија. Податок за неговото раѓање постои, но не и за неговата смрт и после 1668 му се губи секаква трага. Бил еден од шестмина браќа, од кои четворица загинале во борбите. Неговиот петти брат Луј станал близок пријател на кралот и станува маркиз. Јусташ постојано бил во неволји и изгледа редовно бил вплеткан во интригите на дворот. Се занимавал и со црна магија во што бил поддржуван од љубовницата на кралот Мадам де Монтеспан. Но, сите овие тврдења се само нагаѓања.

За ова не се знае ништо повеќе и мистеријата на маскираниот затвореник засекогаш ќе остане - мистерија.

Миланчо Миленкоски



РАВЕНА

На 13 км. од брегот на Јадранското море во италијанската покраина Емилиа - Романьам на 78 км. оддалеченост од Болоња, главниот град на истоимената покраина, се наоѓа стариот град Равена.

Подрачјето на градот било населено во VII век п.н.е. Во V век Равена била царска резиденција, а во 540-та година завземена од Византијците станала главен град на префектурата. Во средината на VIII век подрачјето на градот го завзеле Лангобардите; а подоцна Франките на чело со кралот Пипино. Во 1441 година Равена била под управа на Венеција се до почетокот на XVI век кога била под власт на папата. Во рамките на папската држава Равена останала до крајот на XVIII кога била под власт на Французите. По Виенскиот конгрес повторно влегла во рамките на папската држава, а во 1860 година Равена била во рамките на обединетото кралство Италија.

Разгледот на најзначајниот град во Италија започнува со катедралата Сан Витале, изградена во 547 година и, е една од најстарите и најубави градби во Равена. Извонредната архитектура и бројните вредни мозаици овозможуваат катедралата да биде еден од најпосетените туристички објекти во Равена. Како извонреден пример на византиска архитектура катедралата Сан Витале изобилува со мозаици од портретите на царот Јустинијан и неговата жена Теодора.

Колекциите од археолошки ископини, византијски кипови, релјефи, слики, оружје, керамика, големата збирка на стари пари ќе ве пречекаат ако го посетите Националниот музеј во Равена.

Разгледот на градот продолжува со прочуената базилика Св. Аполинаре Нуово, изградена за време на владеењето на источноготскиот владетел Теодорик. До базиликата се наоѓа камбанерија која датира од X век и е исполнета со бројни прекрасни мозаици меѓу 24-те мермерни столбови.

Во Равена може да го посетите и Дантеовиот музеј како и гробницата која била изградена во 1780 година. Во неа се наоѓаат моштите на познатиот писател од времето на ренесансата и творец на "Божествената комедија", Данте Алигиери кој умрел во Равена во 1321 година.

Свежиот ветер, сонцето и пријатниот морски воздух од Јадранското Море поздравуваат за посетата и повикуваат на повторна средба со спомениокот на историјата и културата, прекрасната Равена.

Рената Пејељуѓоска

ЧОКОЛАДНИ НАПИТОЦИ

Чоколадото е многу омилен десерт, но може да се смета и за храна бидејќи има неколку состојки кои го прават калорично и хранливо. Чоколадото содржи материја, теобромин која во мали количини делува стимулативно на кардиоваскуларниот и нервниот систем кај човекот, а во големи количества теобромино е токсичен. Првата фабрика за производство на чоколадо била отворена во 1897 година, од Англичанецот Роунтри.

Чоколадото доживеало голем успех и го освоило целиот свет. Од чоколадото, какаото или чоколадниот сируп може да подготвите многу вкусни напитоци:

Чоколадно
- млечен коктел

Во Миксер измешајте 300 мл. ладно млеко и 100 мл. чоколаден сируп. Напитокот послужете го во две високи чаши.

Напиток од чоколадо и кафе

Во 100 мл. врела вода изрендајте 100 гр. чоколадо, потоа мешајте и додадете 400 мл. врело засладено млеко и 100 мл. нес кафе (претходно подготвено). Напитокот може да го послужите врел или ладен (со неколку коцки мраз).

Чоколаден сируп

Од пола литар врела вода извадете неколку лажици и (во водата) растворете го какаото. Измешајте го со остатокот од врелата вода и повторно вратете ја смесата на рингла за да врие. Додајте ванилин шеќер.

Јагода - Чоколадо коктел

Со миксер измешајте 200 мл. ладно млеко, 50 мл. чоколаден сируп и 100 гр. свежи или смрзнати јагоди. Напитокот послужете го во две високи чаши.

Рената Пепељугоска



Пунч од рум

Потребно е: 4 жолчки, 12 лажици шеќер, пола литар руски чај, 250 гр. рум и лимон. Жолчките изматете ги со шеќерот, а потоа додадете врел руски чај и лимон (исечен на парчиња). Веднаш послужете.

Млечен пунч

Потребно е: 50 гр. рум, 200 гр. топло млеко, 2 лажици шеќер во прав, 2 мали чаши коњак и изрендано морско оревче. Измешајте ги сите состојки, сипете во чаши, ставете изрендано морско оревче и послужете.

Златен физ

Потребно е: половина чаша (мала) џин, 1 жолчка, 1 мала лажичка шеќер во прав, 1 голема лажица лимонов сок, 3 коцки мраз и сода вода. Во сад наменет за правење коктели, ставете џин, лимонов сок, жолчка, шеќер и мраз. Мешајте неколку минути. Потоа коктелот сипете го во голема чаша, додајте сода и послужете со цефка.

Коктел бронкс

Потребно е: 1 чаша (мала) вермут, 1 чаша (мала) лимонов сок, 1-2 чаши (мали) џин, 5 коцки мраз и малку исецкана кора од лимон. Се измешајте во сад наменет за правење коктели и сипете ја смесата во 2 чаши.

Танто коктел

Потребно е: 100 гр. џин, 100 гр. вермут, сок од портокал и 5-6 коцки мраз. Измешајте ги сите состојки во сад за правење коктели и сипете ја смесата во 2 чаши.

Барбара коктел

Потребно е: 100 гр. вотка, 100 гр. какао ликер, павлака и 4 коцки мраз. Сите состојки измешајте ги и сипете ја смесата во 2 чаши.

Најголемиште лаги за негуѣање на косата

Меѓу жените, а во последно време и меѓу мажите, почесто се зборува за тоа што се треба да се направи, а што не, за убав изглед на косата. Меѓутоа, советите често се базираат на многу предрасуди и незнаење, стручњаците го издвојуваат и го нагласуваат она што е неточно, штетно или бесмислено.

1. Витаминските додатоци може да го зајакнат тенкото влакно на косата. Погрешно. Од раѓање, генетски е одредено дали ќе имаме тенки или дебели влакна. Природната боја на косата одлучува за тоа кој ќе има повеќе, а кој помалку влакна. Лицата со сина коса имаат околу 120.000 влакна, оние со костенлива коса околу 100.000, а црвенокосите 80.000 влакна. На тоа, а и на нивната дебелина, витамините не влијаат.

2. Лицата кои имаат мрсна коса, не треба да конзумираат мрсни јадења. Погрешно. Дури некој во својот организам да внесува и по литар масло дневно, тоа нема да делува на структурата на неговата коса и на нејзиниот корен. Луѓето со мрсна коса мораат да го поминат целиот свој живот со таа непријатност, или тоа ќе ги следи се додека косата не им падне. Единствена помош е секојдневно миење на косата со благ шампон.

3. "Фигарото" како средство за виткање на косата, можете слободно да го користите.

Погрешно. Тие лица кои секојдневно го користат може да очекуваат брзо оштетување на косата, бидејќи топлото ја извлекува влагата од косата.

Последица: Кога од косата ќе се извлече целата влага, косата почнува да цвета или уште полошо почнува да се крши.

4. Фарбањето на косата може да се врши со средства кои не содржат неопходни штетни материи.

Погрешно. Ни денес за поедини процеси на фарбање - нема ништо без старата добра хемија. Секој кој ја фарба редовно косата, знае дека тоа ќе ја оштети.

5. Секојдневното миење на косата е корисно.

Погрешно. Оној кој користи добри шампони со био-супстанции за нега и зајакнување на косата, може секојдневно да ја мие косата. Важно е остатоците од пена на косата, добро да се измијат.

6. Редовното кратење на краевите на косата, помага на растот и бујноста на косата. Погрешно, јасно е дека тоа не е точно, бидејќи косата не расте на краевите, туку од коренот. Сеедно е колку често ја шишате косата, ништо на светот не може да ја натера да порасне повеќе од еден сантиметар месечно, ниту да постане густа и бујна.

7. Шампоните со повеќе пена се подобри.

Погрешно. Големата количина на пена е интересна за децата, а на возрасните делува психолошки. Благите средства за миење на косата не создаваат пена, а оставаат чиста коса. Јаките шампони кои создаваат многу пена, мораат да содржат многу заштитни субстанции за да не ја оштетат косата. Значи, пената не е доказ за квалитетот на шампонот.

8. Колку подолго средствата за нега на косата делуваат на косата, толку резултатите се подобри.

Погрешно. Косата може да прими само одредена количина средства за нега. Во колку ги употребувате во поголема количина, односно на косата ги задржувате подолго, исто така може да се појават оштетувања. Затоа треба да се придржува кон упатствата.

9. Шампоните за бебиња може да ги користат и возрасни.

Погрешно: Оние лица кои се плашат дека од обични шампони ќе им се појави црвенило и пецкање по очите, па поради тоа користат детски шампони, треба да се одвикнат од оваа навика. Треба да почнат да користат благи шампони.

Гордана Аѓанасова

Фудбалски великани

Фудбалот денес во Европски и светски рамки стана голем бизнис во кој учествуваат моќните фудбалски гиганти од високоразвиените земји. Најпознатото "име" во Англискиот фудбал - Манчестер Јунајтед е најбогат фудбалски клуб во светот надминувајќи ги своите најблиски ривали во Шпанија и Италија за цели 30 милиони фунти. Овој англиски фудбалски колектив во 1997 г. од сите извори собра околу 146,8 милиони долари. Интересно е тоа што од 20 најбогати фудбалски клубови само еден е од "колевката на фудбалот" (Јужна Америка), а тоа е Бразилскиот клуб Фламенго кој се наоѓа на 11 место, додека сите други клубови доаѓаат од Европа пред се од Италијанската, Шпанската, Англиската и Германската лига. Во Италијанската лига најбогат клуб е Јувентус со приход од 53,2 милиони фунти, Интер со 39,1 милион фунти, Рома со 28,2 милиони фунти, Парма (27,8) и Лацио (27,3) милиони фунти. Најбогат Германски клуб е Баерн од Минхен популарните "баварци" имаат годишен приход од 51,6 милиони фунти, а потоа следува Борусија Дортмунд со приход од 42,2 милиони фунти. Во Шпанската лига најбогат клуб е Барселона. Каталонците имаат годишен приход од 58,9 милиони фунти, потоа следува кралскиот клуб Реал (М) со 55,7 милиони фунти и Атлетико Мадрид со 32,4 милиони фунти. Во Англиската пак премиер лига покрај веќе споменатиот Манчестер Јунајтед во листата на најбогати клубови влегуваат Њукасл Јунајтед со годишен приход од 41,1 милион фунти, потоа Ливерпул (39,2 мил. фунти), Тотенхем Хотспат (27,9 мил. фунти) и Арсенал со приход од 27,2 мил. фунти. Од другите Европски лиги свое место меѓу великаните заземаат францускиот Пари Сен Жермен (ПСЖ) со приход од 31,7 милиони фунти, Шкотскиот Глазгов Ренџерс со ист приход како и ПСЖ и Холандскиот клуб Ајакс од Амстердам со приход од 27,8 милиони фунти.

Листата на најбогати 20 светски фудбалски клубови по редослед би била следнава:

Манчестер Јунајтед (Англија)
87,9 мил. фунти
Барселона (Шпанија)
58,9 мил. фунти
Реал Мадрид (Шпанија)
55,7 мил. фунти
Јувентус (Италија)
53,2 мил. фунти
Баерн Минхен (Германија)
51,6 мил. фунти
Милан (Италија)
47,5 мил. фунти
Борусија Дортмунд (Германија)
42,2 мил. фунти
Њукасл Јунајтед (Англија)
41,1 мил. фунти
Ливерпул (Англија)
39,2 мил. фунти
Интер (Италија)
39,1 мил. фунти
Фламенго (Бразил)
37,4 мил. фунти
Атлетико Мадрид (Шпанија)
32,4 мил. фунти
П.С.Ж (Франција)
31,7 мил. фунти
Глазгов Ренџерс (Шкотска)
31,7 мил. фунти
Рома (Италија)
28,2 мил. фунти
Тотенхем (Англија)
27,9 мил. фунти
Ајакс (Холандија)
27,8 мил. фунти
Парма (Италија)
27,8 мил. фунти
Лацио (Италија)
27,3 мил. фунти
Арсенал (Англија)
27,2 мил. фунти

Дејан Доневски

Станарите на студентската населба "Стив Наумов" незадоволни од условите на живеење во населбата како и од квалитетот и разновидноста на исхраната иницираа петиција за решавање на овие два есенцијални и егзистенцијални проблеми. Кон петицијата, која за време на распустот ја потпишаа над 800 студенти, беа приложени 14 ултимативни барања до Студентски центар "Скопје" - Скопје како надлежен за остварување на барањата на студентите. Дека студентите на беа "алчни" и нереални може да се заклучи и од самите барања:

1. Подобрување на квалитетот и разновидноста на храната.
2. Овозможување увид на Абонирската комисија во набавките.
3. Намалување и изедначување на цените на храната во мензата и бифето и производите во продавницата со оние во малопродажба.
4. Постојана снабденост на продавницата со различни производи.
5. Исфрлање на жетоните од употреба во мензата.
6. Зголемување на хигиената во мензата и бифето и воопшто во целиот дом, поставување на корпи за ѓубре во зградите, мензата, бифето и дворот, санирање на WC просториите и лавабоата, санирање на купатилата.
7. Двосменско работење на хигиеничарките, 7 (седум) дена во неделата.
8. Навремено отстранување на пријавените дефекти, скршени стакла, проблеми со електрична и водоводна инсталација, столарија итн.
9. Бифе: работно време 24 часа, 7 (седум) дена неделно.
10. Подобрување на условите во бараките, осветлување, поправање на патеки.
11. Нови столчиња во читалната.
12. Зголемување на безбедноста во домот, затворање на улицата која минуваниз домот.
13. Пониски цени на документите за вселување.
14. Отворање медицинска амбуланта.

Иницијативниот одбор барањата ги достави до Студентски центар" Скопје" - Скопје со ултиматум доколку до 16.02.1999 година не се остварат барањата, студентите својот протест ќе го манифестираат со бојкотирање на мензата, бифето и продавницата. Тоа и се случи.

Со својот мирен протест студентите покажаа дека не се "маргиналци" туку интелектуалци и дека иднината сепак им припаѓа ним.

Во меѓувреме целата јавност во Р. Македонија преку печатените и електронските медиуми беше запознаена со условите за живеење и исхрана во С.Н. "Стив Наумов".

Од надлежните институции, Студентски центар "Скопје" - Скопје, Министерството за образование и физичка култура и Владата на Република Македонија најавено е големо количество позитивна енергија за решавање на проблемите кои ги засегаат не само студентите станари на С.Н. "Стив Наумов".

Времето ги руши сите бариери но побараните во С.Н. "Стив Наумов" - никако.

Предлог: Да ги пријавиме како бараки со најболема издржливост во Гинисовата книга на рекорди. (За илустрација, изградени се непосредно после земјотресот во 1963 г. со рок на траење, мислам дека беа 15 години не сум сигурен. Доаѓа новиот милениум. Сега сме 1999 година.)

Сојузот на студенти на Филозофскиот факултет ја поддржа нивната иницијатива.

Кире Атанасовски

од 1.05 до 31.06.1999

Овен: Ќе бидете полни со идеи што ќе ви донесе креативност, активност но и опседнатост од целта која ја имате многу поодамна зацртано пред себе. Притоа внимавајте на кој начин ја спроведувате идејата, бидејќи вашата директна и храбра природа не ретко умее да ви донесе неаналитично и невнимателно и со самото тоа и ризично однесување. Планетата на љубовта транзитира во полето на скриените работи и потсвеста ќе ви донесе можност за искажување на љубовните желби кои подолго време тлеат во вас и чекаат момент за реализација. Родените од 22 до 24 март ќе влезат во непотребни расправии со блиските лица или пријателите. Сеуште не е дојден вистинскиот момент за промени на љубовниот статус за Овните родени од 28 до 31 март. Ќе бидат либерални, прогресивни и шармантни во настапот родените до 2 април. Одлична можност за другарување или патување ќе имаат родените од 3 до 7 април. Здравјето добро со мали проблеми на грлото.

Бик: Бидејќи поголем број на планетите претстојуваат во вашето поле на кариера, јавност и статус, ви се отвара идеална можност за воспоставување позитивна нормала во односите со блиските лица, соработниците и претпоставените. На професионално поле слободно и спонтано делувајте бидејќи вашата енергичност, упорност и работоспособност максимално може да дојдат до израз во деновите што следат. Контактите со пријателите ќе ви бидат успешни и хармонични, така што другарувајте, бидејќи Јупитер Ви го овозможува тоа. Родените од 22 до 24 април самите ќе бидат виновни за состојбата во која се наоѓаат. Одлична можност за реализација на љубовните желби ќе имаат биковите родени од 27 до 30 април. Родените од 4 до 8 мај ќе бидат нестабилни и деконцентрирани. Здравје: грипот и кашлицата можно да ве посетат.

Близнаци: Во оваа недела ќе имате несекојдневна можност за патување, контактирање со лица кои претстојуваат или живеат во странските земји, како и за интелектуалното и духовното напредување. Интуицијата ќе ви биде од голема полза, така што слободно прифатете ја и искористете ја во мигови на двоумење, бидејќи непогрешливо ќе ви го покаже патот кон излезот од евентуалните проблеми. Ќе бидат нервозни и конфликтно расположени родените од 23 до 25 мај. Недоразбирање во контактите со блиските лица родените од 28 до 31 мај. Одличен период на промени ќе имаат родените на 3 јуни. Голем успех на професионален и интелектуален план родените 8 јуни до 18 јуни. Здравје: здравјето ќе ви треба и утре не трошете го максимално само денес.

Рак: Се наоѓате во мошне интересен и возбудлив период бидејќи хармоничната поставеност на ѕвездите кон вашиот зодијачки знак конечно ќе ви овозможи префиксно и попродуктивно реализирање на талентите и можностите како на професионален, така и на емотивен план. Финансиските проблеми би можеле позитивно да ги решите, а недоразбирањата со блиските лица или соработниците да ги надминете. Привлечност ќе им донесе успех на родените од 23 до 25 јуни. Љубовта ќе го разнежи срцето на раковите родени од 26 до 30 јуни. Идеална можност за доживување на прекрасни мигови ќе имаат родените на 20 јули. Здравје: цигарите и алкохолот намалете ги за да си го продолжите животот.

Лав: Контактите со јавноста и лицата од вашата непосредна близина ќе бидат моногу поприсутни во текот на оваа недела. Бидете активни и отворени за комуникација, затоа што ќе ширите позитивна енергија секаде каде што ќе се појавите. Потреба за доминација и ароганција ќе ги неутрализирате поради што пријатно ќе ги изненадите лицата кои добро ве познаваат. Родените од 25 до 27 јули ќе бидат импулсивни и тврдоглави во настапот. Проблеми со авторитети и недоразбирање во јавноста нека очекуваат родените на 5 август. Здравје: можни се посериозни болки во грбот и главата. Чувајте се.

Девица: Ќе бидете мошне критички ориентирани кон однесувањето на лицата од вашата непосредна околина. Вашата подсвесна потреба за ред, мир и дисциплина ќе ви создадат проблем во односот со љубовниот партнер, поради што се можни недоразбирањата и конфликти за кои самите вие ќе бидете виновни. Треба да знаете дека вашата перфекционистичка црта и потреба за уредност и учтивост понекогаш можат да бидат мошне напорни за блиските лица, затоа научете да се прилагодувате бидејќи секој човек ужива да живее со сопствените навики и потреби. Енергично и темпераментно ќе се однесуваат родените од 25 до 27 август. Родените од 30 август до 2 септември ќе влезат во непотребни финансиски трошоци. Ќе бидат расеани родените од 6 до 10 септември. Арогантно и препотентно ќе се однесуваат родените на 20 септември. Здравје: одлично, сега сте во најдобра форма која ќе потрае.

Вага: Премногу се трудите на луѓето од вашата непосредна околина да им докажете дека ја зборувате вистината. Непотребно, затоа што човекот може да ја доживува и

да ја чувствува својата вистина само од длабочината на својата душа но не може да ја искаже, бидејќи постои опасност дека на погрешен начин можел да биде сфатен. Продолжете по својот сопствен пат затоа што тој што има уши ќе слушне, а тој што има очи ќе види. Родените на 26 до 30 септември ќе бидат пасивни и незаинтересирани за активности. Одлична перспективна можност за напредување во сите сфери во животот ќе имаат родените 7 до 10 октомври. Вагите родени на 21 октомври ќе бидат неефикасни во спроведување на своите идеи. Здравје: малата настинка сфатете ја сериозно за да не дојде до посериозни последици.

Скорпија: Нестабилна финансиска ситуација ве доведува до очај. Вашата фанатична и упорна природа ќе може да дојде до израз поради наметнатите матријални ограничувања. Треба да имате на ум дека вистинското богатство е богатство во срцето, а не во кесето за пари. Затоа, доколку научите да живеете и во најтешките моменти ќе умеете да ја почувствувате и среќата во периодите кога царува љубовта и хармонијата. Хармонија и задоволство максимално ќе бидат присутни кај Скоприите родени од 30 октомври до 2 ноември. Потребен е мир и стабилизација за родените на 5 ноември. Ќе бидат конфузни и нерешителни родените од 6 до 9 ноември. Успех на финансиско поле родените на 20 ноември. Здравје: можни се главоболки но не долготрајни.

Стрелец: Вашата оптимистичка ситуација и весела природа не може да дојде до израз поради недостатокот на вистинска визија која треба да ве мотивира и потикнува на постојани напредувања. Треба да знаете дека јунак е само оној кој што има храброст да се соочи со сопствената судбина. Затоа искористете ги сопствените квалитети односно почнете поконкретно да ги спроведувате идеите бидејќи колку и да е црна ноќта денот секогаш почнува со блесокот на сонцето. Родените од 26 до 30 ноември ќе доживеат мигови на недоразбирање со љубовниот партнер. Родените од 6 до 9 декември ќе покажат голем интерес за проблемите на своите блиски. Потребно е внимание за родените на 19 декември на својата телесна тежина. Здравје: нервозата, пушењето, алкохолот го скратуваат животот затоа повеќе смејте се, пејте и дружете се со своите пријатели.

Јарец: Кога некој бара нешто мошне често се случува неговото око да го гледа само она што го бара, да не најде ништо, ништо да не прифати бидејќи постојано мисли на она што го бара затоа што има цел и затоа што е обземен од таа цел. Барањето значи да се има цел. Но, наоѓањето значи да се биде слободен, отворен, без цел. Вие можеби сте од тие што бараат, бидејќи во своите стремежи воопшто не гледате што ви е пред очи. Родените 23 до 25 декември ќе бидат храбро насочени кон реализирањето на обврските. Идеална можност за љубовни доживувања ќе имаат Јарците родените 28 до 31 декември. Прекрасни мигови ќе имаат родените на 18 јануари.

Водолија: Вашата оригиналност, прогресивност и либералност максимално ќе дојдат до израз во оваа недела. Ќе делуваат мошне активно и ќе бидете храбри и решителни во настапот. Желбата за брз и темпераментен начин на живеење и делување ќе можете да ја спроведете во дело но притоа внимавајте на сообраќајот и на односите со блиските лица, бидејќи и тие и натаму нема да имаат разбирање за вашиот невообичаен и ексцентричен начин на делување и изразување. Потребно е внимание на здравствено поле родените 22 до 24 јануари. Одлична можност за патување или контактирање со блиските лица ќе имаат родените до 6 февруари. Водолиите родени на 16 февруари ќе успеат да ги реализираат своите намери. Здравје: одлично без некои нарушувања но може една диета,. бидејќи натрупавте многу мрснотии за време на зимата.

Риби: Поволен распоред на ѕвездите кон вашиот зодијачки знак ќе ви донесе успех и хармонија во секоја работа. Јупитер ќе ви овозможи успех во образованието, хармонијата со блиските лица и перспекти можности за патувања, нормално доколку постојат такви предиспозиции. Страст и привлечност ќе бидат виновници за активниот и возбудлив љубовен период така што продолжете и понатаму да делувате, хармонично и позитивно, бидејќи ѕвездите ви го овозможуваат тоа. Родените на 21 и 22 февруари ќе бидат магнетски привлечени за припадниците на спротивен пол. Љубовта ќе царува во животот на родените од 25 февруари до 1 март. Задоволство и хармонијата максимално ќе бидат присутни кај родените на 18 март. Здравје: Вашата омалакЂ саност ќе ја излечите само со прошетки, дружење, смеа а и намалување на алкохолот и цигарите.

Јасминка Димитрова





Скандинавка

1. Првата дама на САД (фотос)
2. Белградска артистка
3. Појава пред публика (мн.)
4. Рибонуклеинска киселина
5. Река во Бесарабија, притока на Днестар
6. Столб во облик на женска фигура
7. Името на писателот Ибзен
8. Женско име
9. Шахистот Емануел
10. Уметност (франц.)
11. Името на артистот Марвин - дело на Платон
12. Спокојство (арх.)
13. Јод - вид музички инструмент (мн.)
14. Израелски политичар Бенџамин
15. Одред на старата македонска коњица
16. Вид полускапоцен камен
17. Сврзник
18. Учесници во испит или анкета
19. Келвин
20. Поседувачи - пештера во Шпанија
21. Британски политичар Антони
22. Една нота
23. Украсни придавки - макар
24. Дело од Хомер
25. Рене Декарт - група острови во Атлантски океан
26. Холандска телеграфска агенција
27. Вид кинеска памучна ткаенина - крдар
28. Наемно возило
29. Името на писателот Флеминг - река во БиХ, притока на Сана
30. Автор на стихувани дела
31. Обвивка
32. Град во Црна Гора - германски политичар Хелмут
33. Фосфор - името на српскиот поет Ујевиќ
34. Грчка буква
35. Името на јапонскиот цар - опус цитатум
36. Патриотизам
37. Поранешен италијански фудбалер, Сандро
38. Памучна преѓа (арх.)

Миланчо Миленковски

СПОРТ

Во организација на Сојузот на студентите на Филозофски факултет на 27.04.1999 година беше организиран турнир во мал фудбал **Пролет '99**.

На истиот учествуваа четири екипи.

Во првиот натпревар се сретнаа екипите на ССФзФ и Одбрана 1:4 (1:3).

Во вториот натпревар се сретнаа Историја и Дефектологија 2:1 (2:0).

Финалето го одиграа Одбрана и Дефектологија 2:1 (2:0).

Крајниот распоред е следниот:

1. Одбрана
2. Дефектологија
3. Историја
4. ССФзФ



Димитар Димитров

ИМЕТО И УМОТ

Во оваа книга се опфатени статии, есеи и интервјуа објавувани од 1995 до 1998 година, најмногу во "Дело" и во "Дневник". Некои од нив се преведени на англиски, на германски и на бугарски јазик.

Применет е хронолошки редослед; исклучок е направен со текстот "Епистемиолошки импликации на една историографска полемика", напишан во 1996 година, досега непубликуван.

Текстовите, се разбира, се пренесени во изворен вид, без какви било интервенции.

Бифе - ресторан "ДИОГЕН" во Филозофскиот факултет, пријатно кафче за секој студент

SIEMENS
Computer systems
QUALIFIED
PARTNER
business
secure
future
manager
workstation
ЕИН - СОФ
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛ
11.11.23 11.23.08
91000 СКОПЈЕ

Hisar Turizam
За сите студенти од
Филозофски факултет
попуст од 10%
Hisar Turizam
Патувајте брзо и удобно со автобусите на "Хисар туризам" на следните дестинации
СКОПЈЕ - ИСТАНБУЛ, Секој ден во 15 часот.
СКОПЈЕ - ЗАГРЕБ - ЉУБЉАНА